**УНИВЕРЗИТЕТ„Св. Кирил и Методиј"- СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ,ОДБРАНА И МИР**

**Последипломски студии од областа на безбедноста**

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**ТЕМА: ПРИДОНЕСОТ НА ДЕТЕКТИВСКИТЕ АГЕНЦИИ ВО ГРАДЕЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ментор: Проф.д-р Оливер Бакревски** **кандидат: Вилев Сашо**

**Скопје, 2014 година**

# ПРИДОНЕСОТ НА ДЕТЕКТИВСКИТЕ АГЕНЦИИ ВО ГРАДЕЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Содржина**

**Апстракт**

**Клучни зборови**

**Вовед......6**

**1.1 Формулација на проблемот......6**

**1.2 Досегашни истражувања......9**

**1.3. Поставување на теоретскиот проблем на истражувањето ......11**

**I Глава – Определување на безбедноста**

**1. Општо за безбедноста......14**

**2. Основни категоријални концепти за безбедност......17**

**2.1 Концептот на индивидуалната безбедност......17**

**2.2 Концептот на национална безбедност......19**

**2.3 Концептот на колективна безбедност......20**

**2.4 Концептот на меѓународна безбедност......21**

**2.5 Концепт на приватна и детективска безбедност......23**

**II Безбедноста и безбедносниот систем на Република Македонија**

**1. Општо за безбедносниот систем и негова структура......24**

**2. Институции во секторот кои ја остваруваат безбедноста......30**

**2.1 Јавен безбедносен сектор......30**

**2.2 Приватен безбедносен сектор......33**

**2.3 Граѓански безбедносен сектор......34**

**3. Општо за приватниот безбедносен сектор......37**

**3.1 Дефинирање на приватната безбедност и приватниот безбедносен сектор......42**

**3.2 Приватните безбедносни и воени компании......44**

**3.3 Приватни компании за обезбедување......46**

**III Глава Детективски агенции како дел од приватниот безбедносен сектор на Република Македонија**

**1. Уставни и законски основи за формирање на детективски агенции....................50**

**2. Услови и критериуми за вршење на детективска дејност................................54**

**2.1 Законско ограничување за добивање лиценца..........................................57**

**2.2 Деловна, правна и парнична способност..................................................59**

**2.3 Профил на личноста на приватниот детектив..........................................60**

**2.4 Етички норми, конфликт на интереси и естетика....................................65**

**3. Видови на најчести детективски услуги и рокови за нивно извршување.........69**

**4. Разузнавањето во функција на детективските агенции..................................75**

**5. Перспективи на приватните детективски агенции...............................................79**

**Заклучок...........................................................................................................99**

**Користена литература.....................................................................................103**

**Прилози...........................................................................................................106**

**Прилог 1.......................................................................................................105**

**Апстракт**

Приватната детективска дејност посебна актуелност и популарност доживува во истражувањето за случаи во кои нема да постојат елементи на криминал, туку се работи за нов бизнис-деловен разузнавачки консалтинг. На тој начин, приватните детективи станаа „трговци со податоци и информации" односно „советници за истражувања". Бидејќи историјата на индустриската шпионажа се трансформира во нејзината современа варијанта - корпоративно разузнавање, многу компании ангажираат приватни детективи за заштита од нелојална конкуренција и добивање на сигурни и благовремени информации за потребите на менаџментот (заштита на трговски марки, проучување на клиенти, партнери и деловни соработници, дискретно набљудување и проучување на конкуренцијата, проверка на лица пред вработување или на лојалноста на нивните вработени и содружници, ограничување на пристапот до доверливи податоци и информации итн.).

Клучни зборови: **безбедност, дејност, детектив, закони, ентитети**.

**Abstract**

Private detectives special relevance and popularity experienced in research for cases in which there are elements of the crime, but it is a new business intelligence consulting business . Thus, private detectives become "traders data and information " or " advisers for research ." Because the history of industrial espionage is transformed into its modern variant - Corporate Intelligence, many companies hire private detectives to protect against unfair competition and obtaining reliable and timely information for management purposes (protection of trademarks, the study of customers, partners and business associates , discreetly observing and studying the competition , checking people before hiring or loyalty to their employees and shareholders, limiting the leak of confidential information and data etc. . ) .

**Keywords** : security , activity , investigator , law , entities .

## Вовед

Во животот секој човек, без разлика на неговата социјална положба и статус, се соочува со помали или поголеми лични и институционални проблеми, кои понекогаш не е во состојба самостојно да ги реши. Во такви ситуации, се бара помош, услуга или совет од соодветна личност или надлежен државен орган (лекар, адвокат, полицаец, експерт итн.). Меѓутоа, државата и нејзините институции, од објективни или субјективни причини (ненадлежност, опортунитет, бирократизам, ценење на принципот на приоритет и сл.), често не се во можност благовремено и квалитетно да утврдат докази и факти кои за поединецот или правното лице се од важно значење или неопходни заради остварување на одредени права или бенефиции.

Во вакви околности, граѓаните вообичаено се обраќаат до приватни субјекти кои се специјализирани за конкретни дејности. Една од нив е детективската, која со примена на криминалистички методи и средства и "дистанциран пристап" во "корисна средина", дава брзи, квалитетни и ефикасни услуги на клиенти со најразновидни барања. Тие можат да бидат од лична и семејна природа и барања за пронаоѓање на лица и предмети до расветлување на настани и корпоративна заштита, а со новиот Закон за кривична постапка се дава можност приватните детективи да даваат услуги и на самостојните адвокати и адвокатски канцеларии во врска со прибавување на материјални докази.

### 1.1 Формулација на проблемот

По прогласувањето на независноста на Р. Македонија на 8 септември 1991 год. и донесувањето на првиот демократски Устав на 17 ноември истата година започна процесот на трансформација на целокупното општествено и државно уредување на нашата држава. По овие временски одредници кои претставуваат

едни од најзначајните датуми во македонската национална историја, Р. Македонија започна да се изградува и егзистира како независна, суверена и демократска држава. Процесот на трансформација кој го започна Р. Македонија од една страна значеше дека нашата држава од федерална република со ограничени државотворни ингеренции стана суверена и самостојна Република, независна во креирањето на својата надворешна и внатрешна политика, а од друга страна од социјалистичко самоуправно општество во кое општествената сопственост беше доминантен облик на сопственост, преминува во капиталистичко општество во кое приватната сопственост ја доби доминантната улога во сопственичките односи.

Исто така, тоа значеше дека од еден типичен тоталитарен еднопартиски систем се воспостави демократски политичко-плуралистички систем во кој почитувањето на човековите права и слободи беше главен приоритет. Тргнувајќи од ваквите состојби, нужно се наметна и потребата од трансформација и темелни промени на самиот безбедносен систем кој требаше организациски, функционално и кадровски да овозможи ефикасно и ефективно превенирање и спречување на деструктивните појави и на новите безбедносни ризици и закани кои произлегоа или, пак, се овозможија со самото осамостојување на нашата држава, но и генерално гледано со распаѓањето на социјалистичките системи во Источна и Југоисточна Европа.

Значи, се започна и со еден процес на реформирање на македонскиот безбедносен систем, кој требаше да биде во духот на демократските вредности и компатибилноста со земјите од евроатланските сојузи кон кои нашата држава се стреми да постигне полноправно членство,

Капиталистичкото и пазарно ориентирано општество со доминантно изразената приватна сопственост како главен облик на сопственост во општествените односи ја наметна потребата од воспоставување и функционирање на безбедносен систем кој, покрај другото, ќе овозможи заштита на правото на сопственост т.е. на приватната сопственост како највисока вредност во демократските и пазарноориенитираните општества.

Имајќи го предвид ова но и искуството што го имаат високо развиените и демократски земји (пред се САД и земјите од Западна Европа) во однос на начинот

на решавање на ова прашање, и кај нас се јави потребата од воспоставување на приватна безбедност и приватен безбедносен сектор кој би овозможил дополнителна заштита на приватната сопственост во оние сегменти во кои јавниот (државен) сектор тоа го препушта но, секако, и поради исполнување на уставно загарантираното право на поединецот на заштита на својата сопственост.

Меѓутоа, може да се каже дека во Р. Македонија доста долго се чекаше за правна регулираност на овој безбедносен сегмент бидејќи дури на 17 декември 1999 год. Собранието на Р. Македонија го донесе Законот за обезбедување на лица и имот и Законот за детективска дејност, со што престана да важи Законот за општествена самозаштита и Правилникот за начинот на вршење на работите на Службата за обезбедување во организациите за здружен труд кои всушност правно беа надминати веќе, речиси, една деценија. Ваквата правна празнина или непокриеност секако дека овозможи обиди на голем број на криминални дејствија и активности поврзани, главно, со лица и фирми кои незаконски дејствувајќи се јавуваа во улога на даватели на услуги за обезбедување на лица или имот кои често завршуваа како изнуда, рекет и извршување на различни други нелегални активности.

Законот за обезбедување на лица и имот и Законот за детективска дејност (со Законот за измени и дополнување на Законот за детективска дејност од 2007 год.) претставуваат правни акти со кои најдиректно се регулираат односите во сферата на приватната безбедност и функционирањето на приватниот безбедносен сектор (Закон за обезбедување на лица и имот, 80/99; Закон за детективската дејност, 80/99; Закон за измени и дополнување на Законот за детективска дејност, 66/07).

Некои односи од оваа сфера правно се уредуваат и во Уставот на Р. Македонија, Кривичниот законик, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за оружје, Законот за пожарникарство, Статутот на Комората на Р. Македонија за обезбедување на лица и имот, како и во други правни акти кои содржат одредени нормативи со кои се уредуваат вршењето на одредени безбедносни функции во Р. Македонија.

## 1.2 Досегашни истражувања

Во современиот социјален и деловен живот, детективската дејност станува мошне актуелна, поради фактот што приватниот, но и јавниот сектор се повеќе користат разновидни детективски услуги. Разбирливо, најголем процент нарачатели се граѓани кои бараат помош во врска со лични, семејни, имотни и други социјални проблеми (брачни неверства, наркоманија, секти и слично). Се бараат и услуги за пронаоѓање на адреси, исчезнати или сокриени лица, украдени предмети, автомобили и документи, како и собирање и документирање на информаци за имотно - правни односи, наследства, враќање на позајмени работи, неплаќање на давачки и сл. Така на пример, Градскиот совет во Лондон во 2008 година потрошил 82.000 фунти за изнајмување на приватни детективи, кои биле ангажирани да ги пронајдат лицата што не ги вратиле позајмените книги од градските библиотеки, како и сите оние кои не платиле за училишен превоз.

Корисници на детективски услуги се и адвокатски канцеларии, најчесто во врска со барања на сведоци и собирање на дополнителни докази за кривични и граѓански дела. Голем дел на клиенти се бироата за труд и социјална работа кои бараат следење на невработени на кои им се исплаќа социјална помош, а постојат основани сомненија дека работат без договори. Многу институции и фирми ангажираат приватни детективи за откривање на злоупотреби на правото на боледување, како и за заштита на имотот од вработените и во решавање на проблеми со ненаплаќање на побарувачки. Осигурителните компании користат услуги од приватни детективи заради истражување и откривање на разновидни измами, како што се фиктивни кражби на автомобили, злоупотреби во врска со сообраќајни незгоди и животно осигурување, фингирани пожари итн.

Клиенти на приватни детективски агенции се дури и држави, односно нејзини институции. Познат е случајот од почетокот на 90-те години од минатиот век кога тогашниот руски вицепремиер задолжен за економскиот развој, Егор Гајдар, склучува договор со американската приватна детективска фирма КРОЛЛ, која покрај останатото,

ги откри парите на панамскиот диктатор генерал Мануел Нориега. Гајдар во тој период се залага за економски реформи врз принципот на шок терапија и пазарна економија и бара од детективите да ги проверат сметките на поедини лица и фирми во странство, со цел да се пронајдат украдените и изнесени пари од Русија. За оваа услуга биле исплатени 1,5 милиони $ . Детективската агенција совесно ја извршила нарачката, ги пронашла сметките и дознала имињата, по што му го предала списокот на Гајдар. Меѓутоа, поради инволвираност на видни и високи државни и партиски личности, тој список останува во фиоката на вицепремиерот и случајот се става ad acta.

Интересен е и случајот со ангажирање на приватни детективи од страна на израелската армија во 2008 година, заради помош во лов на регрути, бидејќи служењето на воениот рок во Израел е задолжително за мажи и жени. Исклучок се прави само поради приговор на совеста, кој вообичаено е во врска со верски причини. Бидејќи ваквиот вид приговори се зголемил на 40% кај женската популација, Армијата одлучила да ја провери вистинитоста, за која цел во новата програма за надзор предвидела и ангажирање на приватни детективи. Токму со нивна помош биле „фатени" стотици девојки во активности кои религиозните лица по никоја цена не би ги чинеле. како што се бакнување на јавно место со саканиот, влегување во лифт во сабота кога религиозните Жидови не смеат да користат уреди и електрична енергија и сл.

Денес на пазарот на приватниот сектор многу се барани конултантските услуги во деловниот бизнис. За таа цел, поранешни полицајци и разузнавачи работат како деловни советници за многу компании. Една од најпознатата советодавна компанија е Hakleg чиј основач е бившиот разузнавач Мајкл Рејнолдс и поранешните дипломати Џереми Конел и Мајкл Меклауд, Постоењето на Hakleg е последица на глобализацијата, бидејќи компаниите се соочени со нови пазари, интернационализација на капиталот и големи притисоци да донесуваат брзи одлуки. Во услови кога немаат доволно стручни информации, компаниите увиделе дека тие можат да се добијат само од оние кои имаат искуство и широка мрежа и врски од познаници, бидејќи целата тајна е во нив. Врз основа на проценките на Hakleg, фирмите одлучуваат дали да влегуваат во деловни односи или не. За

деловни консултантски услуги дополнително се ангажираат приватни детективи дури и од редовите на поранешни и актуелни разузнавачи од ЦИА, се разбира по претходно одобрение. Во Европа едно од најпознатите детективски бироа за современ економски консалтинг е „Paladin Assosiets" од Минхен, чиј основач е американецот Луј Вандерли.

Како и секоја друга дејност и приватната детективска може да се злоупотреби, особено со современиот ..модерен тренд" одредени компании, поединци, па и љубопитни детективи да вршат шпионирање на Интернет, За ваквата операција доволно е просечно програмско знаење и голема фантазија, што овозможува да се откријат употребливи информации. Едноставно, по електронска пошта се испраќа порака. Кога примателот ќе ја отвори, натрапникот - детектив незабележително се инсталира во нападнатиот систем, од каде што воспоставува врска со комјутерот во земјата од каде што е испратена пораката. Веднаш почнува ажурно да работи и да ги испраќа сите употребливи информации што ќе ги открие, кои потоа ги продава за висока цена. Се разбира, со ваквите сајбер-напади можат да се нанесат огромни корпоративни загуби, поради што претставува еден од најголемите предизвици за полициските служби и останатите надлежни институции за борба против сајбер-криминалот.

### 1.3. Поставување на теоретскиот проблем на истражувањето

Во теоријата детективска дејност подразбира собирање на податоци и информации, нивна обработка, како и посредување со нив на начин утврден со Законот за детективска дејност и Законот за трговски друштва.

Детективската дејност може да ја врши само детектив со лиценца за вршење на детективска дејност која ја издава Министерството за внатрешни работи на лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос определени со Законот за работните односи ги исполнува и следниве услови:

1. да е државјанин на Република Македонија;
2. да има живеалиште во Република Македонија;

3. со правосилна пресуда да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност додека трае таквата мерка;
4. да има завршено високо образование;
5. да ужива углед за вршење на детективска дејност, односно со својот досегашен начин на живот, однесување и работа да гарантира дека совесно и чесно ќе ја врши детективската дејност,
6. во последните две години пред да добие лиценца за работа да не извршувал работи и задачи во областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешните работи, работни места на определени должности согласно со прописи е од областа на разузнавањето или работните места од член 123 од Законот за одбрана и
7. да има положено стручен испит за вршење на детективска дејност

Детективските услуги се вршат само врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу детективот и нарачувачот на детективските услуги и посебно писмено овластување од странката заверено кај нотар. Детективот може да собира податоци и информации:[1]

- за обезбедување на доказни материјали во врска со кривични дела или сторители на кривични дела;
- за лица кои се исчезнати или сокриени, за пишувачи на анонимни писма или за причинители на материјална штета;
- за откривање на идентитет на лице и негово живеалиште, односно престојувалиште;
- за украдени или изгубени предмети;
- за докази кои се во врска со заштита или утврдување на вистинитоста во постапка пред суд, друг државен орган, институција што врши јавни овластувања или правно лице кое одлучува за одделни права на странката;
- за односот на работниците спрема заштитата на деловната тајна и

[1] Правдико, ноември 22, 2013 - http://www.pravdiko.mk/koja-e-ulogata-na-detektivskata-dejnost-vo-makedonija/

- за успешноста и деловноста на правни лица.

Детективот е должен да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност, доколку во текот на работата дојде до сознание за такво дело.

Податоците, информациите и сознанијата до кои детективот дошол при вршењето на детективската дејност, може да ги користи само согласно со склучениот договор и е должен да го штити интересот на лицето на кое се однесуваат податоците и информациите.

Детективот не смее да преземе дејствија спротивни на интересите на странката во наредните пет години од денот на склучувањето на договорот за вршење на детективски услуги.

## I Глава – Определување на безбедноста

### 1. Општо за безбедност

Најверојатно поради своето исклучително значење, ретки се примерите некој поим, како што е случајот со поимот безбедност, да биде толку објаснуван, образложуван и разгледуван низ различни призми. Притоа, воочливи се разликите во теоретските пристапи при толкувањето на безбедност, но и кога е во прашање неговата практична употреба.

И покрај сето тоа, ни се чини дека една од прифатливите дефиниции е онаа што вели дека „безбедноста е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, од политичка принуда или економска присила така што да можат слободно да се развиваат". Или пак, дека „безбедноста е состојба на заштитеност или неизложување на опасност и отстранување на стравот, несигурноста и неизвесноста". [2]Исто така, се тврди дека _безбедноста е еден од централните фактори на општествениот живот и работа и неа ја сфаќаме и како еден од егзистенционалните човекови проблеми, што доаѓаат до полн израз кога човекот ќе се најде во критични и опасни ситуации". Следново толкување е исто така, мошне прифатливо, кое вели дека „безбедноста во најширока смисла, е состојба на стабилност во природата и државата устроена заради превентивни подготовки за заштита и одбрана од разни извори и видови загрозување, а тоа е за да не се предизвика нерамнотежа во општеството и природата која би го загрозила физичкиот и/или општествениот и духовниот интегритет на луѓето. Тоа е дејност на спознавање и на превентивни подготовки на општествената заедница за заштита и одбрана од разни извори и видови загрозување во природата, во државата и меѓу државите, кои ги осознале како опасни и како појави што ја загрозуваат". Натаму се истакнува дека „безбедноста се определува како состојба во која е

[2] Нацев Зоран, Петрески Тони, Стратегиски проекции на Р.М. во надворешната и безбедносната политика, Кочани, Европа 92, 2013, стр.95

овозможен урамнотежен физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединците и вкупното општество во однос на другите поединци, општествени заедници н природата". Развојно гледано, безбедноста е вградена како биолошки механизам, како стремеж на организмот за опстанок и како негово приспособување кон загрозувачките напливи од околината. Од биолошки аспект, тоа претставува поттик за дејствување на основните животни функции и тоа е таков поттик за развој и свесно дејствување со кој состојбата на безбедност повторно ќе се воспостави. Свесното дејствување со кое ќе се воспостави состојба на безбедност е цивилизациска и културна категорија што ги опфаќа сите аспекти на современата безбедност (економска, социјална, културна, политичка, правна, еколошка, одбранбена) и е насочена кон оние појави и облици на општествено живеење што претставуваат општествени вредности. Безбедноста, всушност, е иманентен структурен елемент на државата, која на денешен степен на културно - цивилизацискиот развој,кога покрај класичните видови загрозување се актуелизираат и голем број нови негативности и загрозувања, бара современ пристап кон нејзиното решавање и организирање. Заостанувањето во економскиот развој, социјалната загрозеност, асоцијалните и патолошките однесувања, технолошките и другите несреќи, еколошките проблеми, се нови извори на негативности и видови загрозување на поединците, државите и природата.[3]

Во секојдневното комуницирање поимот безбедност асоцира на нешто (луѓе, предмети, вредности) и најчесто означува чување или заштитување на некоја општествена вредност во нејзино најшироко социолошко значење. Во таа смисла, често се вели дека некој човек е безбеден, дека некои лица се материјално обезбедени, односно се говори за безбедност на објекти, на сообраќајот, културните добра и сл.

Безбедноста може да се разбере на три начини:[4]

- прво како безбедносна функција во државата,
- второ, како орган-служба која ја врши безбедносната функција

[3] Нацев Зоран, Петрески Тони, Стратегиски проекции на Р.М. во надворешната и безбедносната политика, Кочани, Европа 92, 2013, стр.96

[4] Ивановски З. и Мингески М., Безбедносни системи, Европски Универзитет, Скопје, 2005, стр.81

- трето, како безбедносна состојба во општеството.

Токму широката употреба на поимот безбедност создава дилеми во смисла на тоа дали се работи за состојба или однос, процес, творба или е тоа интерактивно дејствување на луѓето заради заштита на определени материјални, духовни или општествени вредности. Притоа, потребна е претпазливост содржинскиот аспект на безбедноста да не се поистоветува со поимот сигурност, кој често се употребува во последно време, бидејќи тој поим претежно алудира на обезбеденост и е потесен од безбедноста. Кога безбедноста се дефинира како состојба, под тоа се подразбира заштитеност на некои добра и на придобивките со кои располагаат физичките и правните лица. Тоа е остварена состојба на стабилност на виталните вредности и интереси на општеството реализирани во околности на постојната економска, политичка, правна, социјална и културна состојба. Состојбата на безбедност не е статична работа. Таа е, сепак замислен стандард што практично тешко може некогаш во целост да се оствари. Но, стремежот тоа да се достигне е континуира цел, насочена пред се во отстранување на опасностите што таквата замислена и проектирана состојба ја загрозуваат.

Ако пак, на безбедноста се гледа како на дејност, тогаш таа опфаќа низа мерки и активности што една држава ги презема за заштита на својот поредок, на животот, на личната сигурност, на правото, слободите и имотот на граѓаните. Таа „произведува" определена состојба наречена со различни поими, какви што се: состојба на безбедност во земјата, национална безбедност, безбедност на државата и сл.

Во теоријата поимот безбедност се дефинира и како **организација,** што во основа ги подразбира органите и службите што вршат определени работи на безбедност. Ако порано војската и полицијата биле доминантно задолжени за остварување на заштитата на државата, денес некои задачи од заштитен карактер се повеќе им се доверуваат и на други субјекти: на судовите, обвинителствата, инспекциите, царината, на контролно надзорните органи, на Финансиската полиција, на Министерството за надворешни работи, на невладините организации и др. Со тоа функцијата на заштитата станува многу

поширока и не се остварува само со специјализираните органи за безбедност, иако тие и понатаму остануваат клучни актери во овој домен.[5]

Безбедноста може да се сфати и во тесна смисла. Таа може да биде јавна, државна, воена, граѓанска и приватна безбедност, ако се земе предвид критериумот за објектот на заштитата. Во зависност од тоа од каде доаѓа загрозувањето, таа се определува како надворешна, внатрешна и сл. Сепак, нешто повеќе ќе се концентрираме на значењето на поимите национална и колективна безбедност, како и на дефинирањето на индивидуалната безбедност, безбедноста на животната средина (еколошката безбедност), заедничката и социеталната безбедност.

## 2. Основни категоријални концепти за безбедност

### 2.1 Концептот на индивидуална безбедност

Индивидуална безбедност е концеп кој се однесува на степенот на заштитата и поттикнувањето на благосостојбата на поединците. Се работи за тоа дека нашата индивидуална безбедност и благосостојба ќе зависат од успехот во справувањето со се посложените економски, еколошки и епидемиолошки проблеми, со крајна цел зголемување на економската сигурност и здравјето на човечките суштества. На ова се надоврзува т.н. прехранбена безбедност, која се однесува на остварување на можноста за непречен пристап на сите луѓе, во секој момент до доволно количество на храна за активен здрав живот. Во последно време, се среќаваме со поимот еколошка безбедност, која кај нас вообичаено се нарекува безбедност на животната средина. Поврзана е со појавата на еколошкото движење на „Зелените" кон крајот на XX век. Во нејзината суштина се изразува загриженоста за природата на која и се нанесуваат се поголеми штети предизвикани од забрзаниот економски развој, развојот на нуклеарната технологија, појавата на кисели дождови, уништувањето на озонот, глобалното затоплување итн. Во контекст на оваа идеологија, концепт и движење, се искажува

[5] Нацев Зоран, Петрески Тони, Стратегиски проекции на Р.М. во надворешната и безбедносната политика, Кочани, Европа 92, 2013, стр.97

вознемиреност поради падот на квалитетот на животот и во крајна инстанца, опстанокот на човековиот род. Всушност, овој безбедносен приод се базира на тврдењето дека еколошките закани можат да ја загрозат иднината на човештвото исто како што е тоа опасноста од вооружен судир со употреба на нуклеарни борбени средства, додека заштитата на животната средина претставува меѓународно безбедносно прашање од примарно значење.

Врз основа на теоретските поставки на Бузан, се говори за социетална безбедност која се поврзува со способноста на нацијата да го сочува својот суштествен карактер во услови на најразлични закани. Под социетална безбедност се подразбира способноста на општеството да го сочува својот есенцијален карактер преку обезбедување на соодветни услови за опстоивост на етничкиот (социетален) идентитет на доминантната група (нација) и безбедноста на етничките групи во тој контекст[6].

## 2.2 Концептот на национална безеднст

Обично, кога се дефинира националната безбедност се нудат формулации од типот дека таа претставува способност на државата (нацијата) своите внатрешни вредности да ги заштити од надворешни опасности. Или пак, дека националната безбедност претставува безбедност на една држава, безбедност на нејзиниот национален интегритет и територијална сувереност. Една од работите што знае да создава проблеми при утврдувањето на суштината на националната безбедност е лоцирана на релацијата внатрешни вредности и на тоа надоврзани национални интереси и цели. Имено, особено кога се во прашање малите, транзициски и земји обременети со меѓуетнички проблеми, вредностите се често предмет на преиспитување, а понекогаш и на „пазарење[7].

[6] Славевски С., Националната безбедност на Република Македонија и европските интеграции, Диги-принт, Скопје, 2003

[7] Така на пример Република Македонија по конфликтот во 2001 год. изврши одделни измени во Уставот и во делот на вредностите (член 8 и др.).

Меѓу другото, националната безбедност се мерките што ги презема една држава за да ја обезбеди својата држава и безбедноста на своите граѓани или поединци.[8] Притоа се присутни различни определби за тоа кои конкретни вредности некоја држава мора да ги штити за тие да се чувствуваат сигурни. Ако се повикаме на општоприфатените вредности во меѓународните односи или на начелата на меѓународното право (колку тие и да се заобиколуваат), објект на заштита на националната безбедност на секоја држава претставува нејзиниот опстанок, територијален интегритет во меѓународно признати граници и нејзината политичка независност. Како и да е, во основа, приоритет на националната безбедност треба да бидат интересите на државата.

Гледано пошироко, во 21 век националната безбедност треба да биде определена така што да вклучува воени и невоени закани по човековиот опстанок. Ако редица индиции посочуваат дека можноста од војна меѓу големите сили е значително намалена, други аргументи укажуваат дека економските и еколошките димензии на националната безбедност стануваат се поприоритетни. Впрочем, на секој му е јасно дека денес хемиските и нуклеарните акциденти, глобалните епидемиолошки и еколошки опасности, птичјиот грип, ефектот на стаклена градина и други, можат да ја загрозат целата планета. Освен тоа, националните економии се повеќе се вмрежуваат во регионални и глобални економии, со што речиси секоја политичка заедница станува се поранлива на можност од појава на глобална економска криза. Тоа значи дека иако одбрана од воена агресија останува суштествена компонента на националната безбедност, сепак тоа треба да биде интегрирана така што да овозможи одбрана и заштита од деградацијата на животната средина, економската криза и масовните човечки страдања.[9]

Имајќи го во предвид изнесеното, национална безбедност може да се дефинира и во смисла дека таа претставува определена психолошка сигурност на граѓаните, односно непостоење сомнеж или страв кај нив дека државата нема да може да биде во состојба да се спротивставува на заканите по нејзиниот

[8] Квинг Томас, Да се види невидливото, Магор, Скопје, 2009, стр.7

[9] Нацев Зоран, Петрески Тони, Стратегиски проекции на Р.М. во надворешната и безбедносната политика, Кочани, Европа 92, 2013, стр.98

опстанок и на нејзините национални вредности, без оглед дали тие доаѓаат однадвор или однатре.

Со оглед на проширениот сет на опасности кои го загрозуваат целиот свет, концептот на националната безбедност мора да биде споен со концептот на светската безбедност. Имено, во денешен меѓузависен свет, изнаоѓањето на адекватна безбедност и благосостојба се повеќе е условено од здружените напори на сите земји. Спротивното ќе не врати на веќе поминати конфликтни ситуации во минатото и на некои случувања во сегашноста.

Заедничка безбедност е концепт кој се застапува како замена на поимот конкурентност на држави заради нивна сопствена национална безбедност со поимот колективна безбедност, со кој се промовира безбедност на сите држави.

## 2.3 Концептот на колективна безбедност

Идеите за создавање и постигнување на меѓународна безбедност биле присутни одамна. Најрано биле реализирани преку концептот на европски сили во XIX век, потоа преку Друштвото на народите и неговиот наследник Организацијата на Обединетите нации (ООН), со цел преку колективната безбедност да се осигури меѓународната заштита и мир. Всушност, идејата се базирала на интенцијата сојузите и противсојузите во рамките на концептот на рамнотежа на силите да се замени со принципот на колективна безбедност. Односно, систем на светски поредок во кој агресијата на која било држава ќе биде соочена со колективен одговор. Целта на колективната безбедност е заедничко обезбедување без однапред определен противник. Базирана е на обврската за притекување на помош на оној субјект кој е жртва на агресијата, без оглед на тоа кој друг припадник навалува врз неговата национална безбедност.

Во основата на системот на колективната безбедност е настојувањето да се спречи напаѓачка војна и последиците од истата за кој и да е член на групата опфатена со системот.

Станува збор за долгорочна политика на елиминирање на ривалство во меѓународната заедница преку организирање и интегрирање на силите на државите - членки на системот со цел гарантирање на безбедноста, мирот и стабилноста на сите субјекти на меѓународната заедница. За остварување на таквата проекција воспоставени се одделни правила, утврдени се акциони средства од превентивен и репресивен карактер против прекршителите на воспоставениот поредок во меѓународното однесување.[10]

Наједноставно кажано, колективна безбедност е пристап под кој се подразбира дека заедничка акција на поголем број држави е најдобар одговор на агресивното однесување од најразличен вид.

## 2.4 Концептот на меѓународна безбедност

Меѓународна безбедност во првиот период, меѓу двете војни се подразбира збир на националните безбедности на државите во светот. Ако за тој временски период посочената дефиниција одговарала на условите, не современо значење во меѓународните односи ниту од далеку не може да се поњ со значењето дека таа е прост збир на националните безбедности. Имено, п вредности што не се исто што и збир на вредностите што ги имаат државите во однос на нивните национални безбедности.

Правилната дефиниција на меѓународната безбедност ги одразува општите вредности на човештвото, експлицитно или имплицитно поврзани со различни вредности на националната безбедност на државите. Меѓународната безбедност може да се изедначи и со поимот меѓународен мир, затоа што е поширока како поим.[11] Поради тоа, во теоријата се предлага да се користи терминот општа безбеднос поприфатлив термин од меѓународната безбедност. Општата сигурност е една цел и тоа е такво постигнување на состојба во меѓународните односи, при кое нема да има страв од меѓусебен напад и загозување, надвор од оние темелни вредности на националната безбедност на секоја поединечна држава. Цел на

[10] Нацев Зоран, Петрески Тони, Стратегиски проекции на Р.М. во надворешната и безбедносната политика, Кочани, Европа 92, 2013, стр.99
[11] Ивановски З. и Мнгеески М., Безбедносни системи, Европски Универзитет, Скопје, 2005, стр.83

општата безбедност би било обезбедување на таква состојба во која една држава нема да смета дека несигурноста на соседот значи нејзина сопствена сигурност и обратно, туку таа сигурност ќе биде заеднички идеал. Општата сигурност, според тоа, е нешто повеќе од прост збир на национални безбедности на сите држави во светот.

Повелбата на Обединетите нации, а пред се нејзиниот член 1, во кој се вели дека основната цел на ООН е одржувањето на меѓународниот мир и безбедност и со истата се даваат основите на меѓународната безбедност. Во Резолуцијата на Генералното собрание на ООН, донесена по повод 50-годишнината од дејствувањето на декларацијата, се истакнува дека меѓународната безбедност се сфаќа како состојба што се менува и што може да се менува, но во согласност со начелата на правдата и меѓународното право кои претставуваат вредносни компоненти.[12] Но дилемата е дали со отпочнување на интервенција (одобрена од страна на Советот за безбедност на ОН или не) нема евентуално да се предизвикаат и поголеми човечки страдања и прекршувања на меѓународните воени и хуманитарни закони отколку оние иницијалните што биле повод за покренување на самата операција. Во практика се испостави дека државите никогаш не постигнаа воспоставување на единствена воена команда предводена од Организацијата на Обединетите нации, како највисокиот меѓународен владин орган со најголем легитимитет кога станува збор за уредување на меѓународните интеракции, што остава простор за маневри кога станува збор за одобрување, оправдување или избегнување на меѓународните официјални легални инструменти за преземање на политички сензитивните и мошне скапи меѓународни интервенции во краиштата на светот каде што е тоа потребно (актуелно).[13]

[12] Robert Beckman and Dagmar Butte., Introduction to International Law - http://www.ilsa.org/jessup/intlawintro.pdf

[13] Ванковска, Билјана. (2011)Меѓународна безбедност: критички пристап. Филозофски факултет. Скопје

## 2.5 Концепт на приватна и детективска безбедност

Приватната и детективската безбедност се нови концепти кои се базираат на луѓето, нивниот имот и личниот интегритет. Иако приватната безбедност во рамките на вкупната безбедност се уште зафаќа само мало и специфично парче, сепак со текот на времето се повеќе добива на значење и се повеќе е во експанзија. Со транасформацијата на општествената и државната сопственост, доминантен облик на сопственоста станува приватната, па оттука и грижата за безбедност на приватната сопственост, но и за многу други специфични прашања и проблеми на граѓаните по прашањето на безбедноста, стануваат предмет и содржина на приватната безбедност.[14]

Детективската дејност е нов коцепт кој го промовирале американските научници и кој исклучиво се фокусира на приватниот сектор, но притоа нетреба да се исклучи можноста дека и јавниот сктор може да ги користи нејзините услуги, а како најчести корисници се јавуваат граѓаните.[15]

---

[14] Кузев Стојан, Безбедност и детективската дејност, Меѓународна научна конференција на ЕУРМ, 2011

[15] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр.33

## II Безбедноста и безбедносниот систем на Република Македонија

### 1. Општо за безбедносниот систем и негова структура

Кога зборуваме за новиот безбедносен систем на самостојна и независна Република Македонија, можеме да зборуваме за три основни конститутивни елементи на безбедносниот систем, и тоа:[16]

- правни норми,
- институции кои вршат безбедносна функција и
- мерки кои ги спроведуваат.

**Слика. 1. Конститутивни елементи на безбедносниот систем на Република Македонија**




**Извор: Спасески Ј., и др., Безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.211**

[16] Николовски М., Улогата на граѓанскиот сектор во глобалниот безбедносен систем на Република Македонија, Факултет за безбедност, Меѓународна научна конференција, Скопје, март, 2012, стр.52

**Правни** документи и норми - меѓународни конвенции и други документи кои ги ратификувала нашата земја и националните правни акти (Уставот, законите и други документи со кои се уредуваат односите за заштита на виталните интереси).

Основите на безбедносната политика се утврдуваат во највисокиот правен акт на државата, Уставот на Република Македонија (преку утврдените темелни вредности на уставниот поредок и преку соодветните институции кои се должни да се грижат за безбедноста) и во останатите документи кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата, од кои поголемиот дел се донесени како прилагодување на нашиот безбедносен систем спрема глобалниот безбедносен систем на Европската унија и НАТО. Дел од тие документи се:

1. **Стратегија за одбрана на Република Македонија од 1998 година,** каде се оперираше со термините опасности и извори на загрозувања и каде за прв пат беше јавно публикувана проценката на ризиците и заканите по националната безбедност[17];
2. **Национална концепција за безбедност и одбрана,** донесена во мај 2003 година од страна на Собранието на Република Македонија. Се употребуваат термините ризици и закани по националната безбедност, но проценките јавно не се објавуваа. Во подоцнежниот период истото беше коригирано, така што и проценките на ризиците и заканите беа јавно објавувани[18];
3. **Декларација за поддршката на стратегиските интереси** на Република Македонија, ноември 2004 година;
4. **Стратегија за национална безбедност;**
5. **Стратегиски одбранбен преглед,** Политичка рамка, октомври 2003 година;

[17] Стратегија за одбрана на Република Македонија, 8/92
[18] Национална концепција за безбедност и одбрана на РМ.40/2003

6. **Стратегиски одбранбен преглед 3-та фаза за трансформацијата на одбраната на Армијата на Република Македонпја**[19].

**Институции** кои вршат безбедносна функција - државни безбедносни органи, приватни безбедносни органи и други органи и инспекции. Институциите можеме да ги поделиме на институции од јавен, приватен и граѓански сектор.

**Мерките** што се преземаат при вршењето на бебзедносната функција можеме да ги поделима на:[20]

- превентивни; и
- репресивни.

[19] Насоки за транзиција и хармонизација на законодавството. документите и процедурите за трансформација, изградба, развој и ревизија на одбраната и вооружените сили компатибилни со НАТО, 2004

[20] Спасески Јордан, За потребата од современо вреднување на безбедносните превентивни мерки при градењето на безбедносната архитектура на ЕУ, Научно-стручна конференција, Факултет за безбедност – Скопје, 2010, стр.3

*Слика 2. Безбедносни мерки*




***Извор: Спасески Јордан, За потребата од современо вреднување на безбедносните превентивни мерки при градењето на безбедносната архитектура на ЕУ, Научно-стручна конференција, Факултет за безбедност – Скопје, 2010, стр.3***

Врз основа на облиците на загрозувањата државата ги определува и мерките и средствата кои ќе придонесат за справување со таквите облици на загрозување на безбедноста. Државите изнаоѓаат најразлични мерки кои ќе помогнат за спречување на внатрешните облици на загрозување на безбедноста.

**Превентиви мерки**

Во прв ред тука спаѓаат мерките на превенција кои се во функција да ги спречат или отстранат оние општествени или индивидуални услови и прилики кои можат да доведат до загрозување на безбедноста пред да настанат потешки последици за општеството и граѓаните.

Примената на овој принцип во работата на националните безбедносни институции истовремено ќе придонесува да се спасуваат и жртвите и сторителите

на деликтот. Исто така овде ќе ја спомeнеме и безбедносната култура која треба да се унапредува во секое општество доколку сакаме стабилна и безбедна средина. Во некои општества се посветува големо внимание на безбедносната култура и таа е дел од воспитно-образовниот процес кај младите луѓе почнувајќи од градинките, па се до високото образование. Кај граѓаните треба да се развие свеста за тоа колку е значајна безбедноста, стабилно е безбедно општество во кое граѓаните не се чувствуваат загрозено и може нормално да функционираат. Безбедносната култура е посебен облик на свест кој му овозможува на човекот да ги осознае основните вредности и придобивки на цивилизацијата, опасностите од загрозувањата на тие вредности и потребата тие да бидат унапредувани и заштитувани. Сметаме дека кај нас не се посветува особено внимание на развојот на безбедносната култура и таа е на мошне ниско ниво, што секако се одразува на вкупниот безбедносен стабилитет на државата.

Мерките на превенција имаат големо значење за справување со внатрешните облици на загрозување на безбедноста. Доколку навреме се откријат подготовките за терористички акт и се преземат соодветни мерки, ќе се спасат стотици невини луѓе и нема да се предизвика страв и несигурност кај граѓаните.

Доколку се преземат превентивни мерки против некоја разузнавачко-извидувачка дејност којашто бара информации од витално значење за државата и навреме се стопира таа дејност, ќе се спречи дестабилизација на државата.

Навременото откривање на сепаратистички или некои политички групи кои планираат вооружен бунт и преземањето превентивни мерки за спречување на целите што сакаат да ги остварат, може да доведе до стабилна состојба во државата.

Во однос на конфликтите, пак, државата може да направи т.н. генерална превенција:

- создавање добри економски услови кои нема да ја ограничуваат човековата егзистенција;
- владеење на правото и правна држава каде што ќе нема ограничување на граѓанските и личните слободи и права;
- владеење на моралните норми и добрите позитивни традиции во животот на луѓето.

Професор Лидија Георгиева ја нуди следната стратегија:[21]

- "употреба на сила и принуда - во вид на физичка и психолошка принуда;
- различни форми на договарање и преговори; и
- вклучување на трета страна во конфликтот".

Стратегијата што една држава ќе ја гради за да се справи со најразличните внатрешни облици на загрозување треба да ги содржи и превентивните и репресивните мерки за справување со дестабилизаторите на безбедноста.

Во Република Македонија, Националната концепција за безбедност и одбрана игра голема улога во одржувањето на стабилноста во земјата и создавањето безбедна средина. Во неа се наведени темелните вредности на Р. Македонија утврдени со Уставот и кон кои интереси и вредности треба да бидат насочени безбедносната политика и безбедносната стратегија што ги гради државата. Исто така во Националната концепција за безбедност и одбрана е дадено кон што треба да биде насочена одбранбената и политиката на надворешната и внатрешната безбедност.

Само со градење на дрбрососедски односи, меѓународна соработка на планот на градење глобална безбедност и справување со ризиците и опасностите, стремеж кон ЕУ, НАТО и другите системи на колективна безбедност, ангажирање на Министерството за внатрешни работи и другите институции на законодавната и извршната власт во борба против тероризмот, криминалитетот, нелегалната-трговија и други облици на загрозување на безбедноста може да се создаде безбедна состојба за граѓаните и стабилно општество.

**Репресивни мерки**

Во нашето законодавство предвидени се и се применуваат овие репресивни мерки:[22]

- кривично-правни санкции: притвор и затвор и парични казни;
- административно-правни мерки: разни забрани и ограничувања; и

[21] Георгиева Лилјана, Творење на мирот,:мирот безбедноста и конфликтот по Студената војна, Виладорф, Скопје, 2004, стр.132

[22] Спасески Ј., Приватва безбедност, Скопје-Охрид, 2008, стр.29

- други мерки: заштитни мерки (задолжително лекување во здравствени установи; засилен надзор и сл,).

Смртната казна во нашето законодавство е укината, а и со Уставот на Република Македонија е забрането да се применува, иако кај теоретичарите во врска со смртната казна постојат спротиставени гледишта.

Казната затвор е предвидена до 15 години и, по исклучок, до 20 години затвор.

За најтешките деликти постои санкција доживотен затвор, како најстрога казна.

***Слика 3. Институции во Р. Македонија кои ја извршуваат безбедносната функција***




***Извор: Спасески Ј., Приватна безбедност, Скопје-Охрид, 2008, стр.29***

## 2. Институции во секторот кои ја остваруваат безбедноста

### 2.1 Јавен безбедносен сектор

Основен столб на функционирањето на безбедносниот систем се јавните институции. Јавните институции од аспект на безбедноста можеме да ги поделиме на:[23]

1. Јавни институции кои водат безбедносна политика (претседател на држава, Совет за национална безбедност и Парламентот);

[23] Спасески Ј., и др., Безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.217

2. Јавни институции на кои основна дејност им е од областа на безбедноста (разузнавачка служба, контраразузнавачка служба; служба за борба против сите видови криминалитет);
3. Институции на кои основната дејност не им е од областа на безбедноста, а вршат определен вид дејности од областа на безбедноста (царинска служба, шпедициски служби; финансиска полиција, шумска полиција, пазарна инспекција, санитарна инспекција и други);
4. Институции и органи надлежни да применуваат безбедносни мерки кон сторителите на криминални дела и други деструктивни однесувања.

***Слика 4. Поделба на јавните институции од аспект на безбедноста***




Извор: Спасески Ј., и др., Безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.217

Во структурата на безбедносниот систем на Р. Македонија, специјализирани за разрешување на ризиците, заканите и загрозувањата на виталните интереси утврдени со Уставот на Република Македонија се следниве субјекти: Советот за безбедност, Претседателот на Р.Македонија, Агенцијата за разузнавање, Собранието

преку надлежните комисии и Владата на Р. М. со ресорните министерства надлежни за заштита на уставното уредување и безбедноста на Република Македонија.

Едно од најзначајните прашања кое е во надлежност на Владата, секако е утврдувањето на политиката на извршувањето на законите и на другите прописи што ги донесува Собранието. Исто така, Владата е носител на разни предлози и иницијативи за решавање на сите прашања со кои се соочува Републиката, предлага закони, буџет на Републиката, просторен план на Републиката, одлуки за резервите на Републиката и дава мислења по сите предлози кои доаѓаат однадвор.

Владата има и многубројни овластувања во врска со државните органи и со другите органи на управата, надворешната политика, безбедносната политика, признавањето држави, отворање дипломатско-конзуларни претставништва, предлага именување амбасадори и други претставници на Републиката во меѓународните институции, склучува меѓународни договори, дава предлози за зачленување во сојузи или во други меѓународни асоцијации како и предлози за излегување од нив, именува и разрешува носители на разни функции, дава предлози за именување носители на разни функции, чие именување е во надлежност на Собранието и сл. Владата врши и други работи што се во согласност со нејзината уставна позиција и со законските овластувања.[24]

Во сферата на управување со безбедноста, Владата е одговорна за предлагање одредени важни одлуки и закони од областа на безбедноста, за формулирање на безбедносната политика, за контрола на политиката и на администрацијата преку контролирање на клучните безбедносни структури задолжени за остварување на безбедноста, за координација на работата на безбедносниот сектор преку соодветни владини органи, за одржување на континуитет на безбедносната политика. Исто така, Владата ја предлага одлуката за висината на средствата за потребите на безбедносниот сектор; го предлага републичкиот буџет за воена состојба; дава мислење на стратегиските документи од областа на безбедноста итн.

Владата на Република Македонија има многубројни и одговорни задачи и овластувања за воената и за вонредната состојба. Така, Владата се јавува како еден од предлагачите за воведување воена состојба, потоа за утврдување постоење

---

[24]Бакрески О. и Милошевиќ М., Современи безбедносни системи, Сутопринт, Скопје, 2010, стр.238

вонредна состојба на сета територија на Републиката или на некој нејзин дел. Во такви состојби Владата е овластена да донесува уредби кои имаат законска сила, право кое го има се до траењето на воената или на вонредната состојба, за што одлучува Собранието.

## 2.2 Приватен безбедносен сектор

По прогласувањето на независноста на Р. Македонија на 8 септември 1991 год. и донесувањето на првиот демократски Устав на 17 ноември истата година започна процесот на трансформација на целокупното општествено и државно уредување на нашата држава. По овие временски одредници кои претставуваат едни од најзначајните датуми во македонската национална историја, Р. Македонија започна да се изградува и егзистира како независна, суверена и демократска држава.

Процесот на трансформација кој го започна Р. Македонија од една страна значеше дека нашата држава од федерална република со ограничени државотворни ингеренции стана суверена и самостојна Република, независна во креирањето на својата надворешна и внатрешна политика, а од друга страна дека од социјалистичко самоуправно општество во кое општествената сопственост беше доминантен облик на сопственост се преминува во капиталистичко општество во кое приватната сопственост ја доби доминантната улога во сопственичките односи. Исто така, тоа значеше дека од еден типичен тоталитарен еднопартиски систем се воспостави демократски политичко-плуралистички систем во кој почитувањето на човековите права и слободи беше главен приоритет.

Тргнувајќи од ваквите состојби, нужно се наметна и потребата од трансформација и темелни промени на самиот безбедносен систем кој требаше организациски, функционално и кадровски да овозможи ефикасно и ефективно превенирање и спречување на деструктивните појави и на новите безбедносни ризици и закани кои произлегоа или пак се овозможија со самото

осамостојување на нашата држава, но и генерално гледано со распаѓањето на социјалистичките системи во Источна и Југоисточна Европа. Значи, се започна и со еден процес на реформирање на македонскиот безбедносен систем, кој требаше да биде во духот на демократските вредности и компатибилноста со земјите од евроатланските сојузи кон кои нашата држава се стреми да постигне полноправно членство.

Капиталистичкото и пазарно ориентирано општесво со доминантно изразената приватна сопственост како главен облик на сопственост во општествените односи ја наметна потребата од воспоставување и функционирање на безбедносен систем кој, покрај другото, ќе овозможи заштита на правото на сопственост т.е. на приватната сопственост како највисока вредност во демократските и пазарно ориентираните општества. Имајќи го предвид ова но и искуството што го имаат високо развиените и демократски земји (пред се САД и земјите од Западна Европа) во однос на начинот на решавање на ова прашање, и кај нас се јави потребата од воспоставување на приватна безбедност и приватен безбедносен сектор кој би овозможил дополнителна заштита на приватната сопственост во оние сегменти во кои јавниот (државен) сектор тоа го препушта но, секако, и поради исполнување на уставно загарантираното право на поединецот на заштита на својата сопственост.

## 2.3 Граѓански безбедносен сектор

Со реформите во безбедносниот систем на Република Македонија, а особено со донесувањето на Законот за полиција, посебно значење добива граѓанскиот сектор, и тоа во неколку сегменти:[25]

- назначување на командири на полициски станици од страна на локалната самоуправа, односно Советот на општината на чија територија егзистира полициската станица;
- можност за поднесување на претставки од граѓаните за работењето на полицијата;

[25] Спасески Ј., и др., Безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр.258

- правна помош од невладини организации на граѓаните, укажување на одредени неправилности во работата на полицијата;
- улогата на народниот правобранител
- формирање на заеднички тела на ниво на локална самоуправа од припадници на МВР и граѓани (Совет за безбедност во сообраќајот).

Сите тие фактори влијаат врз работата на безбедносните институции, подобрување на соработката помеѓу граѓаните и безбедносните институции и враќање на довербата кај граѓаните во безбедносните институции која беше загубена поради пропусти во работењето на истите во одреден период.

Основна улога на јавниот сектор е заштита на уставното уредување и територијалниот интегритет. Примарна заштита кај приватниот сектор е обезбедување на приватниот имот и лица. Граѓанскиот сектор, пак, има превентивна функција во поглед на правото на граѓаните да бидат заштитени од секакви појави во општеството кои можат да ги загрозат.

Во градењето на успешен безбедносен сектор особено е важна улогата на невладините организации како посебен сегмент од граѓанскиот сектор. Активностите на невладиниот сектор можат да придонесаат за надминување на бариерата помеѓу безбедносниот и цивилниот сектор, за почитување на човековите права и владеење на правото во рамките на безбедносниот сектор, пропагирање на поголема транспарентност на претставниците на безбедносните институции преку учество во научно-истражувачки проекти, јавни дебати посветени на националната безбедност, вооружените сили, полицијата и разузнавачките и контраразузнавачките служби. Особено важна улога имаат невладините организации во градење на безбедносна култура кај граѓаните, како превентивна мерка за успешно функционирање на безбедносниот сектор, како и ефективно демократско управување со безбедносниот сектор.

Граѓанскиот безбедносен сектор во веќе реформираниот демократски безбедносен систем на нашата држава претставува еден од трите фундаментални сектори кои го сочинуваат современиот безбедносен систем. Овој сектор "своите права, должности и одговорности ги темели врз правото на граѓаните да бидат превентивно заштитени од деструкциите во општеството (социо-патолошките и

криминални појави) и од други видови загрозувања (земјотреси, поплави, пожари и други елементарни непогоди, еколошка загрозеност на човековата средина)"[26]. Во однос на претходно спomenатите два сектори, може да се каже дека граѓанскиот сектор подолг временски период беше маргинализиран и недоволно развиен. Меѓутоа, откако се воочи потребата од зголемени напори за превенирање и спречување на различните видови криминални активности и дејствија, кои во последниов период се во генерален пораст и откако се воочија искуствата на државите каде што овој сектор имаше далеку поактивана улога во креирањето на безбедносните политики и мерки, и кај нас почна процесот на развој на овој сектор. Така, во новите законски решенија поврзани со вршењето на безбедносната функција во државата се споменуваат различни начини и можности за остварување на меѓусебна соработка и дејствување на државните институции со разни граѓански асоцијации, организации, групи, здруженија и сл.

Граѓаните организирани во некоја од претходно спomenатите форми можат да претставуваат една навистина движечка и креативна сила која би можела, на пример, активно да учествува во креирањето на превентивната и репресивната политика, безбедносна политика во предложувањето на законски акти и нормативи од овие области, нови начини и методи на дејетвување на безбедносните институции и органи итн. Типичен пример на субјекти на граѓанскиот сектор се невладините организации кои во последно време имаат зголемен тренд на формирање и постоење. Тие преку најразлични спроведени проекти, кампањи, трибини, јавни дебати и други активности се обидуваат да придонесат во подобрувањето на состојбите и во самата безбедносна сфера, со што би се овозможило намалување на ризиците и заканите врз општественото и државно уредување, а зголемување на чувството на безбедност и сигурност кај граѓаните. Значењето и важноста на граѓанскиот безбедносен сектор на некој начин се потврди и зголеми откако граѓаните индиректно преку своите избрани претставници во советот на општината го избираат командирот на полициската станица која се наоѓа во нивната општина, потоа преку активната улога на

[26] Спасески, Аслимоски, Герасимоски, Приватна безбедност, Полициска академија и ФТУ, Скопје-Охрид, 2008, стр.32-33

граѓаните и нивните здруженија во креирањето на локалната превентивна политика и превентивни мерки и активности во директно содејство со припадниците на секторот за превенција при Министерството за внатрешни работи, со активната улога на граѓаните и нивните здруженија во локалните совети за безбедност на сообраќајот на патиштата итн.

### 3. Општо за приватниот безбедносен сектор

Приватната безбедност во земјите од Европската унија започна позасилено да се развива во последниве неколку децении. Посебно силен развој доживеа дејноста обезбедување лица и имот покрај приватната детективска дејност. Земјите од Европската унија го следеле примерот на развојот на приватниот сектор на безбедноста во САД - земја која има најдолго и најбогато искуство со приватната безбедност во светот. Сепак, мора да се каже дека развојот на приватната безбедност во земјите од Европската унија (претходно Европска економска заедница) е условен и од спецификите на капиталистичкиот развој на земјите од европскиот континент, особено од земјите на Западна Европа кои се и најстари капиталистички земји во светот (како Холандија, Велика Британија, Франција). [27]

Исто така, развојот на приватниот сектор на безбедноста е условен и непосредно определен и од обемот, квалитетот и динамиката на промените во приватната сопственост како доминантен и речиси неприкосновен сопственички облик во овие земји. За тоа какви размери има достигнато развојот на секторот на приватната безбедност во светот воопшто, а во земјите на ЕУ посебно, доволно зборува и определувањето на овој сектор како индустрија на приватна безбедност (private security industry). Ова значи дека во овој сектор на безбедноста се вртат големи финансиски средства, дека секторот има развиена и сложена организациона, функционална, кадровска и техничка

[27] Спасески, Аслимоски, Герасимоски, Приватна безбедност, Полициска академија и ФТУ, Скопје-Охрид, 2008, стр.225-226

структура и дека е високо профитабилен. Се разбира, ова е определување на секторот пред се од економско финансиска гледна точка, а добро знаеме дека безбедноста, макар била таа и приватна, е пред се дејност од јавен интерес и многу тешко може да се гледа изолирано, бидејќи безбедноста е состојба која во својата основа подразбира севкупна, интегрална безбедност во општеството. Во таа смисла на зборот, преголемото комерцијализирање на приватната безбедност не треба и не смее да биде на штета на вкупната безбедност во општеството и државата, па затоа, сметаме дека секторот на приватната безбедност не е соодветно да се нарекува индустрија, без оглед на тоа какви економски размери има попримено истиот.

Може да се каже дека развојот на секторот на приватната безбедност во земјите од Европската унија досега ја покажал неопходноста и потребата од постоењето на ваков вид безбедност кој се комплементира со државната и јавната безбедност. Видлив и значаен е придонесот на овој сектор во јакнењето на вкупната безбедност во земјите на ЕУ. Но, искуствената пракса од работата на овој сектор на безбедноста, исто така открил и многу слабости и пропусти кои се поврзани пред се со тенката линија по која се движи овој вид безбедност (на работ помеѓу легитимното право на заштита на личната и имотната сопственост и можната опасност од повреда и злоупотреба на правото на приватноста). Не помал проблем со кој се соочуваат овие земји во поглед на развојот на секторот на приватната безбедност секако дека претставува и неусогласената (нехармонизирана) правна регулатива која го уредува вршењето на дејностите обезбедување на лица и имот и приватната детективска дејност како составни делови на потсистемот на приватната безбедност. Во оваа насока, во 2002 година, CoESS и УНИ Европа, како социјални партнери на Европската комисија изработија еден документ насловен како „Компаративен преглед на легислативата која ја уредува индустријата на приватната безбедност во Европската унија"[28], а што во форма на завршен

[28] За споменатиот извештај, види повеќе кај Tina Weber (2002), A Comporative Overview of Legislation Governing the Private Security Industry in the European Union, Final Report of a Project for CoESS/UNI Europe funded by the European Commision, Birmingham: ECOTEC Research and Consulting Ltd, pp .1-5

извештај беше усвоен на Европската конференција за приватна безбедност која се одржа на 12 и 13 декември 2001 година во Брисел. Овој извештај претставува прв посериозен обид за хармонизирање на правните регулативи на земјите членки на Европската унија, кој се однесува на функционирањето на приватната безбедност. Преку извештајот исто така може да се согледаат:

- сегашното ниво на развојот на приватната безбедност;
- проблемите со кои се соочуваат земјите во поглед на дефинирањето,
- правното регулирање и можностите за развој на дејноста;
- дејствувањето на приватната безбедност во новите општествени и економски услови, особено во епохата на глобализираното општество;
- тешкотиите во вршењето на дејноста проследени со се поголемата прекугранична соработка и отворањето на меѓусебните граници на државите;
- односот и координацијата на приватниот сектор на безбедноста со државниот безбедносен сектор;
- проблемите со кои се соочуваат фирмите кои извршуваат ваква дејност во рамките на она што тие го нарекуваат индустрија за приватна безбедност и сл.

Компаниите од областа на приватната безбедност се повеќе дејствуваат во мултинационална средина, со се поголема прекугранична активност. Истовремено, како што активностите стануваат се повеќе транснационални, правната рамка која ја регулира оваа индустрија останува национално заснована и покажува значајни разлики од земја до земја. Ова предизвикува проблеми во однос на постигнувањето фер натпревар, слобода на движење и правна сигурност во извршувањето на задачите на приватната безбедност. Основната поента на напорите на земјите членки на ЕУ во овој поглед е насочена кон правно уредување на следниве прашања од сферата на делувањето на приватните субјекти (фирмите/компаниите) од областа на приватната безбедност:

- Услови за основање фирми за приватна безбедност;
- Ограничувања на приватните безбедносни компании кои

се однесуваат на сопствениците и раководителите;

- Ограничувања кои се однесуваат на вработениот персонал;
- Предуслови кои компаниите треба да ги исполнат во поглед на вршењето на дејноста;
- Минимум предуслови за обука и образование;
- Регулативи кои се однесуваат на носењето униформи;
- Легислатива која ја уредува употребата на огненото оружје;
- Одредби кои се однесуваат на употребата на службени кучиња;
- Одредби кои се однесуваат на вршењето контрола и санкции во индустријата на приватната безбедност[29].

Покрај тоа, соодветно значење во земјите на ЕУ му се посветува и на прашањето на правната рамка на колективните договори кои ги уредуваат условите за работа на вработените во секторот на приватната безбедност, а посебно опфаќаат:

- Работно време (вклучувајќи ги и работните часови и паузите);
- Минимална надница;
- Права на одмор и на слободен ден;
- Заштита на вработените;
- Хонорарна работа;
- Работење на определено време;
- Лажно самовработување;

[29] Спасески, Аслимоски, Герасимоски, Приватна безбедност, Полициска академија и ФТУ, Скопје-Охрид, 2008, стр.225-226

- Еднакви можности.[30]

Во една студија на двајца еминентни автори од оваа сфера Брајон и Камински, се воочуваат следниве слабости во функционирањето на секторот на приватната безбедност:

- Безбедноста на граѓаните која повеќе не може да разликува помеѓу стандардите за квалитет кои се нудат од различни приватни компании за обезбедување;

- Заштитата на компаниите и вработените во секторот кои се соочени со конкуренција од други компании и вработени кои не мора да се придржуваат кон истите стандарди на квалитет на обуката. Заради тоа, ова би можело да доведе до севкупно намалување на стандардите за квалитет во индустријата за приватна безбедност;
- Намалување на стандардите за јавен ред како резултат на влезот на пазарот на компании и поединци кои не ја почитуваат легислативата на земјата домаќин (доколку во секторот влезе компанија од друга држава).[31]

Сепак, како што (правилно) заклучува Фон Арним[32], покрај некои големи разлики, приватните компании за обезбедување даваат значаен и неоспорен индивидуален придонес за внатрешната безбедност.

Она што исто се признава кога се во прашање искуствата од развојот на овој сектор на безбедноста во земјите од ЕУ е фактот дека разликите во поглед на правното уредување и практичното функционирање на секторот од земја до земја, меѓудругото, се должат и на постоењето различни историски, културни и правни традиции, сфаќања, мислења, па и стереотипи и предрасуди во врска со приватната безбедност. Ова, од своја страна, како што сметаат повеќето експерти од оваа област, не би требало и не би смеело да биде пречка за

[30] Ibid,226
[31] A comparative overview of legislation governing the private security industry in the European Union, Brussels, 12 and 13 December 2001, стр.1 –достапо на: www.coess.org/_.../A_comparative_overview_of_legislation_governing
[32] Ibid, стр.2

воспоставување на минимум правни, етички и професионални стандарди за вршењето на дејноста приватно обезбедување на лица и имот и приватната детективска дејност кои би важеле за сите земји на ЕУ, со напомена дека ова не ги спречува земјите да воспостават и повисоки стандарди од овие во вршењето на дејноста, но никако пониски од минимално утврдените со некој меѓународно обврзувачки документ.

### 3.1 Дефинирање на приватната безбедност и приватниот безбедносен сектор

За повеќето луѓе сликата за приватната безбедност е онаа претстава во која има оклопни возила пред банките или униформирани чувари кои патролираат низ трговските центри. Тука, исто така, влегуваат и инсталираните аларми и брави, приватните истражувачи и производителите на безбедносната опрема. Приватната безбедност, сепак, опфаќа многу повеќе од ова. Добра аналогија за приватната безбедносна индустрија е познатиот брег, со високопрофилниот униформиран сектор малку над површината и остатокот од индустријата долу под површината. Има многу различни перцепции од што е конституирана приватната безбедност, што го прави нејзиното дефинирање многу потешко. Исто така, има многу сиви области во маргините, што може, а и не мора да бидат сметани од различни поединци и организации во опсегот на приватната безбедност. Оттука, има многу пречки за да се создаде прифатлива дефиниција.[33]

За да дојдеме до вистинската дефиниција за приватната безбедност треба најнапред да се зацрта линија која ќе покаже каде завршува приватната безбедност, а каде почнуваат останатите области. Дали извршителите како агенциите за кредитни референци и инсталаторите на противпожарните аларми ќе бидат вклучени, на пример? Оваа листа може да биде проширена на неколку страници и може да направи еднакво убедливи случаи за да ги вклучи и нив, или да ги исклучи од приватната безбедност. Предизвикот е да се најде колекција на зборови која е доволно широка

[33] Бакрески Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт, Скопје, 2012, стр.99

да ги опфати сите релевантни сектори, без притоа да биде толку широка за да ја уништи прецизноста на дефиницијата.[34]

Приватниот сектор на безбедност кој како теорија и практика доаѓа од напредните капиталистички земји на западниот свет, а чиј предводник се САД[35], всушност, не претставува систем во вкупната безбедносна поставеност на безбедносниот систем на една држава.

Генерално, под приватен сектор кој е од важност за подрачјето кое се истражува, се подразбираат приватни воени компании, приватни безбедносни компании, корпоративни организации и приватни компании за обезбедување.

Приватните воени безбедносни компании обезбедуваат стручна експертиза и услуги од воената област. [36] Овие услуги се обезбедуваат за време на војни и конфликти вклучувајќи и борбени операции, стратегиско планирање, прибирање доверливи информации, оперативна и логистичка поддршка, обука, набавки и одржување. Тие се разликуваат од другите елементи на безбедносниот систем по организациската структура и мотивираноста. Имено, тие се регистрирани фирми со корпорациски структури и ги даваат своите услуги главно заради добивка, а не од политички причини.

Приватните безбедносни компании најчесто се дефинираат како компании кои се специјализирани за осигурување на безбедноста и заштита на поединци, персонал и имот, вклучувајќи ги и хуманитарните и индустриските средства. Ова значи дека нивните услуги не секогаш бараат вооруженост на приватното обезбедување, и дека нивните операции се прилично од дефанзивна, наместо од офанзивна природа и многу почесто се грижат за поголема група на корисници, вклучувајќи и влади, меѓународни агенции, невладини и комерцијални организации.[37]

Корпоративните организации се мултидисциплинарни и најчесто меѓународни претпријатија со широк спектар на дејствување, кои покрај својата примарна работа се

---

[34] Ibid,

[35] Trevor Jones & Tim Newburn, Private security and public policing, Oxford University Press, Oxford, 1998, стр.95

[36] Singer, P.W. Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry. Ithaca: Cornell University Press,2003 стр.120

[37] Бакрески Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт, Скопје, 2012, стр.100

одлучуваат да нудат и услуги на воениот сектор со цел да го прошират своето работење. Ваквите претпријатија ги класифицираме како корпоративни организации кои го помагаат воениот сектор. Многу вакви претпријатија во литературата се оквалификувале како приватни воени организации, но тие во потполност не се приватни воени организации, туку поседуваат одредени способности и ги нудат своите услуги само како дел од својот широк спектар на сопствени можности. Поради тоа, категоријата приватни воени организации неточно е раширена и во неа се вброени сите услуги кои ги даваат и приватните воени организации и корпоративните организации.

Приватните компании за обезбедување даваат услуги кои имаат за цел да заштитат бизнис компании и имот, и на тој начин да придонесат во спречување на криминалот. Оттука, приватните компании за обезбедување постојат во многу земји, но сегашниот тренд покажува дека нивниот број се зголемува, особено во конфликтните региони, каде што бизнис компаниите имаат потреба од поголема заштита од онаа што може да им ја обезбеди државата. Се смета дека тие се позаинтересирани за заштита на приватниот имот и персонал отколку за воената страна во конфликтот. Сепак, во практика, компаниите многу често ја комбинираат воената и безбедносната експертиза поради тоа што се смета дека и двете се од подеднакво значење и неопходни во одредени региони.

### 3.2 Приватни безбедносни и воени компании

Од анализата на литературата може да се заклучи дека еден поголем број автори приватните воени компании ги идентификуваат со приватните безбедносни компании и обратно. Генерално, не постои некоја поголема разлика меѓу приватните безбедносни компании и приватните воени компании, бидејќи и двете категории пред се се дел на приватниот безбедносен сектор. Питер Сингер, авторот на една од најпознатите книги која ги проучува аспектите на приватизација на безбедносниот сектор „Corporate Warriors", дури не прави разлика помеѓу приватните воени и безбедносни компании, односно го користи терминот

„приватни воени фирми" (private military firms), во кој се содржани и двата вида компании.[38]

И покрај тоа што приватните воени компании за прв пат се појавија за време на Втората светска војна, геополитичките промени и реформите на вооружените сили на многу земји по завршувањето на Студената војна доведоа до брз пораст на индустријата на создавање приватна војска. Денес, повеќе од 150 компании ги нудат своите услуги во над 50 земји.[39]

Генерално, приватните воени компании дејствуваат како мали советодавни фирми, но и како големи транснационални корпорации кои обезбедуваат логистичка поддршка, потоа изнајмуваат борбени хеликоптери, обезбедуваат сили за борбени дејства и ги даваат сите видови услуги при помагањето во борбени операции. Во основа, не постојат приватни воени компании кои се специјализирани само за одредени задачи, туку услугите кои ги нудат се испреплетени во зависност од побарувањето на пазарот и способностите на приватните воени компании да се приспособат на пазарните потреби.[40]

Исто така, приватните воени компании нудат современи технолошки вештини во области каде што вооружените сили повеќе не можат да си дозволат да обучуваат персонал или да создадат можности за атрактивна кариера. Во други случаи, приватните воени компании го заменуваат капацитет што не постои. Други групи ги користат приватните воени компании за да им помогнат да функционираат во опасни опкружувања. Некои истакнуваат дека приватните воени компании се од потенцијална корист за ООН и други меѓународни организации зошто нивното распоредување би подлежело на помала политичка контроверзност отколку една одлука за распоредување национални трупи под покровителство на ООН. Поединци и групи понекогаш ги користат приватните воени компании за подмолни цели, како што е соборување влади или заштита на нелегални активности.

[38]Fred Schreier and Marina Caparini, Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF) Geneva, March 2005, стр.17 и кај Бакрески Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт, Скопје, 2012, стр.101
[39] Бакрески Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт, Скопје, 2012, стр.101
[40] Ibid, стр.102

Во литературата често како синоними за приватни воени компании се користат термини како што се компании на платеници и приватно обезбедување. До неодамна платеник беше стандардниот израз за актерите во конфликт кои вообичаено беа мотивирани само од личната корист. Овој израз се појавува во некои меѓународни договори, и покрај тоа што овие договори беа критикувани заради недоволна прецизност, бидејќи се повеќе фокусирани на мотивираноста за изведување акции, кои тешко може да се идентификуваат, отколку на самите акции. На пример, многу од американските даватели на услуги за обезбедување во Ирак тврдат дека работат подеднакво заради патриотизам и заради финансиска корист. Многу фирми кои се специјализирани да го штитат персоналот и имотот наместо да се занимаваат со борбени активности, повеќе сакаат да се идентификуваат како компании на платеници и приватно обезбедување. Но кога заштитата има сериозно влијание врз резултатот од конфликтот, тешко е да се направи разлика меѓу борбената и заштитната улога.[41]

Денес приватните воени и безбедносни компании ја надминаа улогата само да го обезбедуваат приватниот имот. Тие активно се вклучени во одржување на јавниот ред, истражување на злосторништва и апсење и приведување на јавни места. Тие се вклучени во активности кои некогаш беа извршувани само од страна на полициските сили. Линијата помеѓу јавната и приватната сопственост и кој е одговорен за одржување на јавниот, а кој за приватнот простор станува заматена.[42]

### 3.3 Приватни компании за обезбедување

Специјалните служби на странски држави конкуренти, криминалните структури, приватните детективски агенции од други држави но од својата се субјекти на надворешна опасност насочена кон приватните компании. Оваа околност создава потреба од формирање на посебен систем за безбедност што ќе ја брани, заштитува приватната фирма од **надворешни** (странски разузнавачки служби, организирани криминални структури и дејноста на приватни детективски

[41] Ibid, стр.102
[42] Ibid, стр.102

агенции од други држави) и **внатрешни опасности** (домашни компании, фирми, детективски агенции и криминални организации).[43]

Приватните компании за обезбедување се нераскинлив дел на јавната безбедност. Во однос на првиот елемент станува збор за извршување работи врзани со јавниот ред и мир, и генерално овие работи и се подведени пред се на полицијата, додека вториот елемент ги обединува работите кои се врзуваат за имотната и за личната безбедност на граѓаните и нив најчесто ги извршуваат приватните компании за обезбедување. Приватните компании за обезбедување развиваат директна соработка со субјектите на национална безбедност, а во овој период тоа најчесто се изразува со неговото приближување од маргините кон центарот на случувањата. Со тоа приватните компании за обезбедување стануваат нераскинливо поврзани со сите ангажмани на субјектите на системот на национална безбедност.

Значи, приватните компании за обезбедување даваат услуги кои имаат за цел да ја осигураат личната и имотната безбедност на граѓаните, односно нивните услуги во голема мера придонесуваат да се намалат ризиците и заканите кои доаѓаат кон имотот и кон персоналот. Исто така, не треба да се заборави дека услугите кои ги даваат приватните компании за обезбедување денес опфаќаат широк спектар на активности, почнувајќи од ангажирање во војна до приватни услуги за чување на аеродроми, банки и физички лица. Покрај тоа што се признава фактот дека приватната безбедносна индустрија вклучува голем број клучни актери и дека тоа може да биде од корист при нивното разликување, сепак, реалноста говори дека оваа индустрија ги опфаќа сите актери кои обезбедуваат безбедност под договор и за соодветна добивка. Оттука, не само што се проширува доменот на надлежности на приватните агенции за обезбедување, истовремено се проширува и кругот на корисниците на нивните услуги. Така, не само поединци, туку и влади, меѓународни организации, хуманитарни агенции за помош, меѓународни и

[43] Буџакоски С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005, стр.320

национални компании ангажираат приватни агенции за обезбедување за да се осигура нивната безбедност во извршувањето на нивните обврски.[44]

Системот за безбедност на приватните фирми[45] е комплекс на организационо-управни, правни, специјални (разузнавачки и контраразузнавачки), социјално психолошки, технички и пропагандни мерки насочени за негова заштита од надворешни и внатрешни опасности.

Често се поставува прашањето „Каков вид услуги даваат овие фирми?". Приватните компании за обезбедување (PSCs) нудат три широки категории на надворешна безбедносна поддршка: оперативна поддршка, воено советување и обука и логистичка поддршка, Приватните компании за обезбедување (PSCs) исто така нудат внатрешни безбедносни услуги почнувајќи од обезбедување места (вооружено и невооружено), превенција на криминал и разузнавање. Сингер ги поделил овие фирми од врската меѓу примарните услуги кои ги даваат до „врвот на копјето" во „просторот на војувањето". Услуги кои се најблиску до врвот на копјето се оние што се на предна линија на војување, обично најопасни и смртоносни. Според Сингер, ова води до разлики меѓу еден вид фирми кои обезбедуваат имплементација и команда, други фирми кои обезбедуваат советување и обука, и трети фирми кои обезбедуваат воена поддршка. Во практика, истата приватна компанија за обезбедување може да обезбеди еден, два или повеќе видови услуги. Навистина, со оглед на начинот на кој овие фирми ги исполнуваат договорите од базата на податоци и рекламирањето, лесно им е да преминат од еден во друг вид услуги.[46]

Приватните агенции за обезбедување при извршувањето на својата основна задача (чувари на луѓето, имотот и информациите), се одговорни пред повеќе инстанци. Така, тие се одговорни пред: клиентот кој го ангажирал приватното обезбедување (одговорност дека ќе бидат направени сите напори за да се обезбедат ефикасно неговиот имот или неговиот телесен интегритет од разни природни и вештачки закани; спречување, откривање и соодветно реагирање на закани; обврска да ги извршуваат овие надлежности начин што ќе му овозможи на

[44] Бакрески Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт, Скопје, 2012, стр.103
[45] Гладких С.Р., О Частнои Детективнои и Охраннои Дејтелности Москва, Костинформ, 2005, стр.1
[46] Бакрески Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт, Скопје, 2012, стр.104

клиентот да има доверба дека нема да биде загрозена нивната безбедност или дека ќе треба да платат значителни штети поради однесувањето на приватното обезбедување); јавноста (одговорност да комуницираат со органите кои се надлежни за спроведување на законот и правниот систем каде што е потребно, како приведување и задржување на некој кој сторил кривично дело). Во сите овие ситуации главна должност на приватните агенции за обезбедување е да набљудуваат, да одвратат, да забележуваат и да евидентираат се што е од значење за правилна заштита на безбедноста и сигурноста на клиентот.[47]

[47] Ibid, стр.104

## III Глава Детективски агенции како дел од приватниот безбедносен сектор на Република Македонија

### 1. Уставни и законски основи за формирање на детективски агенции

Во Република Македонија, иако Законот е донесен кон крајот на 1999 год., практиката е, би рекле, неусогласена со вистинските потреби за функционирање на приватната безбедност од една страна и со кадровскиот профил на вработените од друга страна. Собранието на Р. Македонија го донесе Законот за обезбедување на лица и имот и Законот за детективска дејност, со што престана да важи Законот за општествена самозаштита и Правилникот за начинот на вршење на работите на Службата за обезбедување во организациите за здружен труд кои всушност правно беа надминати веќе, речиси, една деценија. Ваквата правна празнина или непокриеност секако дека овозможи сторување на голем број на криминални дејствија и активности поврзани, главно, со лица и фирми кои незаконски дејствувајќи се јавуваа во улога на даватели на услуги за обезбедува-ње на лица или имот кои често завршуваа како изнуда, рекет и извршување на различни други нелегални активности.

Законот за обезбедување на лица и имот и Законот за детективска дејност (со Законот за измени и дополнување на Законот за детективска дејност од 2007 год.) претставуваат правни акти со кои најдиректно се регулираат односите во сферата на приватната безбед ност и функционирањето на приватниот безбедносен сектор[48]. Некои односи од оваа сфера правно се уредуваат и во Уставот на Р. Македонија, Кривичниот законик, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за оружје, Законот за пожарникарство, Статутот на Комората на Р. Македонија за обезбедување на лица и имот, како и во други правни акти кои содржат одредени нормативи со кои се уредуваат вршењето на одредени безбедносни функции во Р. Македонија.

[48] Закон за обезбедување на лица и имот, 80/99; Закон за детективската дејност. 80/99; Закон за измени и дополнување на Законот за детективска дејност, 66/07

Со Законот за обезбедување на лица и имот всушност се уредуваат условите и начинот на вршење на обезбедување на лица и имот. Во овој закон се наведува дека како субјекти кои можат да се јават во улога на извршители на работи поврзани со обезбедувањето на лица и имот се правните лица регистрирани за вршење на ваква дејност во вид на давање услуги и правните лица регистрирани за вршење на истата дејност за сопствени потреби. Според Законот за обезбедување на лица и имот оваа дејност претставува дејност од јавен интерес и истата се состои од три различни видови на обезбедување: физичко, техничко и оперативно обезбедување. Во однос на условите кои се потребни за да може да се зборува за законско вршење на работите поврзани со обезбедувањето на лица и имот, Законот предвидува дека правните лица кои се занимаваат со давање на услуги за обезбедување на лица и имот најпрвин треба да извршат уиис во трговскиот регистар за ваква дејност и секое од нив да има најмалку по десет лица кои имаат лиценца и дозвола за работа од Министерството за внатрешни работи. Правното лице кое врши работи поврзани со обезбедувањето на лица и имот не смее да извршува или склучува договори за работи кои се во надлежност на државен орган. Помеѓу правното лице кое претставува давател на услуги и странката корисник на таквите услуги задолжително е потребно склучување на договор. Во спротивно, не склучувањето на таков договор повлекува прекршочна одговорност. Покрај ова, правното лице не смее да врши работи поврзани со наплата на долгови или при вршењето на работите да применува средства и методи кои се со закон забранети или кои смеат да ги применуваат само надлежни државни органи. Физичките лица кои вршат работи на обезбедување на лица и имот мора да имаат лиценца којашто ја добиваат откако ќе положат стручен испит за вршење работи на обезбедување на лица и имот која што ја издава Комората на Р.Македонија за обезбедување на лица и имот. За да можат да добијат лиценца за обезбедување на лица и имот, покрај општите услови за засновање на работен однос, физичките лица треба да ги исполнуваат и следниве услови:[49]

- „да е државјанин на Р. Македонија;

[49] Закон за обезбедување на лица и имот, 80/99; чл. 8 ст. 2

- да има живеалиште во Р. Македонија;
- со правосилна пресуда да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност додека трае таквата мерка;
- да има завршено најмалку средно образование, односно средно образование од техничка насока за. вршење на техничко обезбедување;
- во последните две години пред да добие лиценца за работа да не извршувал работи и задачи од областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно прописите од областа на внатрешните работи, работни места на определени должности согласно прописите од областа на разузнавањето или работни места од чл. 123 на Законот за одбрана".

Стручниот испит за вршење работи на обезбедување на лица и имот се полага пред комисија што ја формира министерот за внатрешни работи составена од претставници на Комората и Министерството за внатрешни работи. Понатаму со законот се нормираат сите права, должности и забрани што ги имаат физичките лица кои вршат работи на обезбедување на лица и имот.

Со цел заштита на професијата и заштита и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста, Законот за обезбедување на лица и имот предвидува формирање на Комора на Р. Македонија за обезбедување на лица и имот која, покрај другото, би вршела организирано полагање на стручен испит, издавање на легитимации на работниците за обезбедување, водење на евиденција на правни лица кои вршат работи на обезбедување на лица и имот за сопствени потреби или за други во вид на давање услуги, водење евиденција на физички лица кои имаат лиценца за работа и други работи утврдени со овој закон. Министерството за внатрешни работи е она кое е задолжено за вршење надзор и контрола во однос на почитувањето на нормативите предвидени со овој закон, како и врз правилното работење и дејствување на правните и физичките лица кои вршат работи поврзани со обезбедување на лица и имот.

Со законот за детективска дејност се нормираат условите и начинот на вршење на детективската дејност. По речиси една декада од осамостојувањето во Р. Македонија се донесе закон за регулирање на една професија која во развиените

демократски општества со доминатна приватна сопственост е воспоставена од самите почетоци на таквото општествено уредување. Според законските одредби со кои се утврдуваат условите на детективската дејност, наведено е и дека "под детективска дејност во смисла на овој закон се подразбира собирање на податоци и информации, нивна обработка, како и посредување со нив на начин утврден со овој закон"[50].

За да може едно лице законски да се занимава со оваа професија, потребно е да му се издаде лиценца за вршење на детективска дејност издадена од МВР на лице кое ги исполнува, покрај општите услови за засновање на работен однос, и следните услови: да е државјанин и да има живеалиште во Р. М., да има завршено високо образование, со правосилна пресуда да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, во претходните две години да нема работено во безбедносните органи на државата, да ужива углед за вршење на детективска дејност, да има положено стручен испит за вршење на детективска дејност итн). Еден од условите кои се потребни за да лицето ја добие лиценцата е да има положено стручен испит кој го полага пред трочлена комисија формирана од страна на министерот за внатрешни работи. На детектив може да му биде одземена лиценцата доколку повеќе не ги исполнува условите предвидени со Законот за детективска дејност и доколку не ги отстрани недостатоците во рок утврден со решение за отстранување на недостатоци издадено од страна на Министрството за внатрешни работи. За извршување на работи поврзани со детективската дејност, дететективот е најнапред обврзан тоа да го стори врз основа на претходно склучен договор во писмена форма со корисникот на детективските услуги. Законот ја утврдува и постапката на собирање, користење и евиденција на сите оние информации кои детективот ги добива и дознава при вршењето на својата дејност. Исто така се утврдува и кои информации и податоци детективот смее, односно не смее да ги собира и користи. Надзор над вршењето на детективската дејност и почитувањето на нормативите пропишани во овој закон врши Министерството за внатрешни работи. Значајно е да се спомене дека како еден од начините за надзор и контрола Министерството води

[50] Закон за детективска дејност, 80/99; чл. 2

евиденција на детективите на кои им е издадена лиценца. Ваквата евиденција содржи детални информации и податоци за лицата кои добиле одобрение да се занимаваат со таа активност, но не се повеќе од 10 лица.

За разлика, до крајот на 2007 година беа формирани околу стотина агенции за обезбедување на лица и имот, во кои се вработени околу 6 000 лица. Некои од нив многу успешно ја вршат дејноста за која се основани, но кај еден дел од нив присутни се слабости кои можат сериозно да го загрозат единството на безбедносниот систем во државата, особено во поглед на пречекорувањето на компетенциите и некомпетентноста на кадрите кои ја вршат таа дејност.

За искуствата до сега, за жал, нема релевантни факти врз основа на кои може да се носат заклучоци со валидни проценки.

## 2. Услови и критериуми за вршење на детективска дејност

Дејноста на приватниот детектив е професионална и неа можат да ја вршат само лица кои имаат лиценца т.е. одобрение од Министерството за внатрешни работи.[51] Ваква дозвола може да добие лице кое покрај општите услови за засновање работен однос, треба да исполнува и посебни услови и критериуми. На издавањето лиценца за вршење на детективска дејност, претходат неколку фази. Првата е исполнување на општи и посебни услови, што дава можност да се полага комисиски стручен испит според соодветна програма. Доколку успешно се положи, до Министерството за внатрешни работи се поднесува барање за издавање на лиценца, а по добивањето се врши упис во трговскиот регистар за регистрирање на истражна дејност. Последна фаза е барање до МВР за издавање на легитимација за детектив. Пред отпочнувањето со активна работа, приватниот детектив задолжително се осигурува од одговорност за евентуална штета кон странката или трето лице, која може да ја причини при вршењето на детективските работи. Осигурувањето од одговорност се продолжува се додека активно се извршува дејноста, но тоа не го ослободува детективот од неговата директна одговорност кон оштетени лица.

[51] Закон за детективска дејност, Службен весник на Р.М., бр. 80/99 - http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=5&tabid=205&parent=100

**Стручниот испит** се состои од писмен и усмен дел,[52] а се полага пред испитна комисија, формирана со решение од министерот за внатрешни работи. Писмениот дел се состои од изработка на CASE STUDY т.е. решавање на определен случај од праксата со примена на методите, средства и прописите. Усмениот дел од ислитот опфаќа проверка на знаењето од писмениот дел и по програмата од стручните предмети кои ги третираат статусните права на граѓаните, јавниот ред, казненото право, законот за детективска дејност и криминалистика. Од обврската за полагање на стручен испит се ослободени лицата кои најмалку една година работеле на работни места со посебни овластувања во сферата на безбедноста и одбраната.

**Лиценцата** за вршење детективска дејност ја издава Министерството за внатрешни работи и таа претставува документ со кој се докажува дека се исполнети сите општи и посебни услови и критериуми, односно дека стручниот испит успешно е положен.

**Уписот во трговскиот регистар** се врши во Централниот регистер на Република Македонија, при што со пријавата за вршење на детективска дејност, се поднесуваат исправи и докази во кои што се содржани податоците кои се запишуваат во регистерот. Легитимацијата за детектив служи за легитимирање т.е. докажување на идентитетот. Таа важи додека детективот има таков статус односно додека активно ја извршува детективската дејност.

Детективската дејност е професионална, а ја вршат самостојни приватни детективи и детективски агенции. На **поединец самостоен приватен детектив** може да му се одобри вршење на дејност доколку поседува дозвола (лиценца) и акт за упис во регистерот. Специфичноста е во тоа што поединецот како физичко лице работите ги врши самостојно, т.е. не вработува други приватни детективи. Тој не мора да именува одговорно лице, туку сам одговара за својата работа. **На правно лице детективска агенција може** да му се одобри вршење на дејност доколку исполнува одредени услови. Таксативно наброени тие се следните: акт за упис во Регистерот со регистрирана истражна дејност, именувано одговорно лице во правното лице кое има лиценца за детективска дејност, склучен договор за

[52] Правилник за програмата и начинот на полагање на стручниот испит за вршење на детективска дејност и за составот на испитната комисија ("Службен весник на РМ" бр. 41/2000)

работа на неопределено време со најмалку еден приватен детектив и соодветен деловен простор со посебни просторно технички услови.

Соработниците на самостојниот детектив и во агенциите, вообичаено работите ги извршуваат повремено и привремено, т.е. не засновуваат работен однос на определено или неопределено време. Во одредени случаи, само по потреба, со нив може да се заклучи **облигациско правен договор за дело.** Соработникот помага на детективот во вршењето на работите во рамките на основната регистрирана дејност и врз основа на стекнатите знаења и вештини во поглед на криминалистичко, криминолошко и кривично правно истражување. Надоместот за извршената работа на соработникот се врши во согласност со обемот, видот, ризикот, трошоците и времето на траење на ангажманот. Соработникот кој ќе покаже самоиницијативност, способност, волја, деловна лојалност, доверливост, истрајност, храброст, стручност и самостојно наоѓа истражувачки работи во рамките на регистрираните дејности. стекнува можност за потрајно, почесто и постојано ангажирање.

**Правата и обврските на одговорното лице** е водење грижа детективската агенција да ја врши дејноста во согласност со законските одредби. По престанокот на постоење на некој од условите пропишани за одговорното лице, детективската агенција не може да обавува дејност доколку не именува друго одговорно лице, Во случајов, треба да се има предвид дека станува збор за „одговорно лице во правно лице", што значи не воопштено за „одговорно лице на правно лице", туку за посебно именувано лице со соодветни овластувања.

При вршењето на дејноста, приватните детективи можат да поседуваат и носат огнено оружје, согласно прописите на Законот за оружје.[53] За престанување на вршењето на детективската дејност, самостојниот детектив односно детективска агенција се должни да го известат Министерството за внатрешни работи во најкраток можен рок по бришењето од Регистерот.

Вообичаена пракса, особено во САД, но и во Европа, е детективи да основаат агенции кои по неколку години ги продаваат. Најчесто купувачи се некои од

[53] Закон за оружјето, „Сл. весникна РМ' број 47 / 2006 и измени и дополнувања од 2007 и 2008 година

вработените содружници, но и други детективи кои со својата работа во сопствените агенции оствариле добар профит. Се покажува дека за успешна работа на детективска агенција, најбитно е сопственикот да постави цели и да го прилагоди своето однесување кон нив. При тоа, **важно е детективот да не ги „лови" клиентите,** туку **да создаде услови тие да доаѓаат кај него.** Се разбира дека ангажманите можат да се добиваат преку огласување и WEB презентации, но најдобра пракса е клиенти да се добиваат врз основа на препораки од страна на поранешни нарачатели на детективски услуги, пријатели и познаници. При тоа, треба да се има предвид и фактот што во Македонија постојат околу 100.000 деловни субјекти, од кои околу 40.000 се правни (ДООЕЛ, ДОО, АД итн.) и околу 2.000 адвокати.[54] Тоа значи дека **пазарниот простор на подрачјето на детективската дејност е целосно празен.**

## 2.1 Законско ограничување за добивање лиценца

Во Македонија постои законско ограничување во однос на добивањето на лиценца и легитимација за оние лица кои во последните две години работеле во институции од областа на безбедноста и одбраната, што инаку не е императивен услов во некои држави. На пример, во Хрватска постои одреден степен на дискрециона одлука во однос на исполнувањето на безбедносните услови, но тие се јасно дефинирани, суштински и практични. Во нив точно се наведува дека детективска дејност не може да врши лице кое било или во моментот е поврзано со поединци, групи или организации насочени кон вршење на кривични дела, како и лице кое консумира опојна дрога. Безбедносните услови не ги исполнува и лице за кое постојат други факти и околности (во законот не се прецизирани) кои основано упатуваат на недоверливост за вршење на детективска дејност, а со тоа и потенцијална и реална можност за загрозување на правата и слободите на други лица, јавниот морал и правниот поредок.

[54] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр.57

Ограничувањата во делот од посебните услови и критериуми за вршење на детективска дејност ги потврди и Уставниот суд на Македонија[55], откако се произнесе по иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на оваа одредба. Во оспорената законска одредба, се наведува дека со неа се повредува начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот, од причини што една категорија од нив кои вршеле одредена професија, се доведуваат во нерамноправна положба бидејќи им се оневозможува правото за добивање на лиценца за вршење на детективска дејност, односно правото под еднакви услови да им биде достапно секое работно место. Понатаму, како аргумент се наведува дека вакви ограничувања нема за вршење на дејност на адвокат, судија, јавен правобранител, јавен обвинител и други. туку само за професијата детектив. Со тоа, не се имал предвид фактот дека и носителите на наведените професии кои претходно извршувале работи и задачи во безбедносни и институции во одбраната, во новите професии ќе располагаат со уште повеќе доверливи информации од повисок степен отколку детективите.

Оценувајќи ја уставноста на оспорената одредба, судот ја отфрли иницијативата. Во образложението на ваквото решение се вели дека **со предвидувањето на вакви, условно речено ограничувачки норми, всушност се спречуваат евентуалните конфликтни економски и морални интереси.** Според Уставниот суд, оспорените одредби не би требало да се опсервираат од аспект на попречување на правото на граѓаните на достапност на работните места под еднакви услови. Во експликацијата се наведува дека доколку ваквото законско ограничување не би постоело, тогаш некој кој има неограничен број податоци, а поседува лиценца за детективска дејност, би можел наместо да го брани имотот на граѓаните, нивната слобода и другите со Уставот загарантирани права, да брани други интереси, злоупотребувајќи ги тие податоци. Оттука, судот смета дека и покрај можноста за настапување на евентуални конфликтни интереси, законодавецот сепак не предвидува воопшто забрана за добивање на лиценца, туку само ја условува со апстиненција за период од две години пред добивањето.

[55] Ibid,

Значи, одобрение т.е. лиценца за вршење на детективска дејност може да добие секое лице кое покрај општите услови, ги исполнува и посебните и го положило стручниот испит. Исклучок се прави само за лицата кои во последните две години работеле во областа на безбедноста и одбраната. Меѓутоа, овој ограничувачки услов има временски грејс период, што значи дека и овие лица по две години апстинирање, можат да добијат дозвола за детектив.

Тргнувајќи од римското приватно право на познатиот принцип „Она што не е забрането, е дозволено", во случајов оспорената одредба мора формално правно да се почитува, со оглед што изричито е забранета во Законот за детективска дејност. Објективно, приватната детективска дејност е сериозна и одговорна работа во која директно или посредно се инволвираат значајни лични и материјални интереси, семејни и бизнис тајни, состојби кои можат да го нарушат угледот, факти од значење во кривичната постапка итн. Затоа, нормално е државата со ваквата претпоставка прецизно да ја регулира дејноста на лицата кои се занимаваат со оваа специфична и чувствителна материја. Сосема друго е прашањето дали е примарен формално правниот или фактичкиот и практичен аспект. Решението од Уставниот суд е легитимно, меѓутоа неубедливо аргументирано, но за тоа се неопходни пошироки стручни елаборации, толкувања и јавни дебати.

## 2.2 Деловна, правна и парнична способност

**Деловната способност** на детективот претставува правен квалитет и способност со сопствена активност да придобива конкретни права и задолженија. Таа е поврзана со определена физичка и психичка сосстојба, која овозможува правилно расудување на она што се презема со цел да се стекне одредена корист, но и сознавање на можните последици од тие дејствија.

Според нашата законска регулатива, деловната способност се стекнува автоматски кога лицето ќе наполни 18 години возраст.[56] Меѓутоа, тоа е условно, во смисла дека од таа возраст се исполнуваат сите услови за психичка и физичка зрелост и за самостојно егзистирање. Деловната способност се губи врз основа на правна и психијатриска постапка. Постапката за одземање на деловната способност може да ја покренува судот по службена должност или пак по предлог на јавниот обвинител. Предлагачот е должен да ги наведе причините за одземање на деловната способност и да ги објективизира со конкретни докази.

Деловната неспособност или делумната деловна неспособност може да биде трајна или, што во пракса е почесто, привремена. Деловната способност се враќа кога завршиле причините поради кои е одземена. Постапката за враќање е идентична со онаа при нејзиното одземање.

**Правната способност** се користи во граѓанското право и претставува способност на детективот да биде носител на права и задолженија кои постојат по сила на објективното право и законите.

**Парничната способност** подразбира учество на детективот како странка во граѓанско правните постапки. Учеството е поврзано со деловната способност, т.е. лицето кое е деловно способно, поседува и парнична способност.

### 2.3 Профил на личноста на приватниот детектив

Дејноста на приватниот детектив е специфична и подложна на многу предизвици и разновидни ризици. Отука, сосема логично се поставува прашањето: каква личност треба да биде и какви особини и способности мора да поседува?

Покрај општите и формални законски услови за вршење на детективска дејност, постојат и неформални и непишани, но одлучувачки фактори за квалитетно и успешно извршување на работите. Детективот не е супермен или елитен полицаец, туку обичен човек од секојдневието, со таа разлика што знае точно што сака и на кој начин тоа да го постигне во најкраток можен рок, со рационални средства, силна

[56] член 45-б од Законот за облигационите односи, "Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 78/2001,...и 81/2009

мотивација и финансиска сатисфакција. Затоа, за професијата односно занаетот приватен детектив пред се и над се мора да постојат предиспозиции, афинитет и желба кои го моделираат симболичкото тројство за успешна работа: да се сака, да се може и да се умее. Тоа е виза за влез во предворието од кое се отвора вратата за градење на успешна детективска кариера. Дури потоа на прво место од хиерархијата на неопходни услови е поседувањето на мултидициплинарни вештини и знаења, посебно од областа која ја работи (извонредна информираност, широк круг на познаници и пријатели, добри лични и институционални врски, упатеност во практичното функционирање на администрацијата, богат фонд на познавања од кривичното, управно и приватно право, криминалистиката, криминологијата, психологијата итн.). Едноставно, профилот на приватниот детектив треба да одговара на дејноста што ја извршува т.е. да биде виртуоз кој во дејноста се снаоѓа како риба во вода. Симплифицирано, тоа може да се спореди со трговците на Кванташки пазар кои се „тата-мата" во својот занает и ги знаат сите финеси и трикови во браншата. Умешноста во комуницирањето може да се спореди со врвните презентери на разни производи, кои делуваат убедливо и сугестивно, но со мерка и вкус.

Успешното вршење на детективската дејност не зависи само од знаењето, вештината и желбата, туку доминантна улога има структурата на личноста на приватниот детектив. Последниве години особено е популарен т.н. BIG FIVE или Петофакторски модел кој ги сумира особините на личноста во пет основни димензии. Тој претставува класификација на главните црти на личноста кои претставуваат збир на различни когнитивни, афективни **и бихевиорални,**[57] димензии кои можат да се групираат на различни начини.

Првата димензија е **неуротицизам** со кој се разликува прилагодливоста и емоционалната стабилност во однос на неприлагодливоста и емоционалната нестабилност. Успешните детективи емоционално се стабилни, смирени, релаксирани и во состојба да ги надминат стресните ситуации. Тоа значи дека негативните афекти како што се тага, страв, вознемиреност, гнев и чувство на вина, не би требало да предизвикаат ирационална реакција кај приватниот детектив. Потесни аспекти на овој

[57] Англ.:behaviour - однесување, правец во психологијата основан од американецот Ватсон во 1912. кој се однесува на сознанијата што се црпат од внимателно посматрање на однесувањето на луѓето во разни услови. Врз основа на тие запазувања се објаснуваат душевните процеси.

домен се анксиозност, хостилност[58], депресивност, импулсивност, вознемирувачка самофокусираност и вулнерабилност[59]. Од идниот детектив се очекува да ги препознае овие аспекти кај другите, а сопствените склоности кон истите да ги сведе на минимум.

Следната димензија е **екстраверзија** т.е. прилагодливост која примарно се однесува на адаптибилноста како битна особина за собирање на податоци од страна на детективот. Парадоксално звучи, но факт е дека изразито екстравертните лица т.е. топли, друштвени и асертивни, не претставуваат најпогоден избор за бавење со приватна детективска дејност. Напротив, успешниот детектив не е социјално наметлив и упадлив ниту по една особина (упадлива неупадливост").

**Отвореноста** значи прифаќање на нови идеи и вредности, што не значи отсуство на принципиелност и доследност. Високите вредности во овој домен на личноста, детективот треба да ги негува кога тие се однесуваат на интелектуална љубопитност, преферирање на различности, независност и конвергентно мислење. Едноставно, секојдневието на успешниот детектив е богато со доживувања, тие се склони кон експериментирање, нови идеи и неконвенционални вредности.

**Кооперативноста** во потесен смисол се однесува на доверба, искреност, алтруизам, попустливост и скромност. Меѓутоа, успешниот детектив секогаш треба да има доза на недоверба, па дури понекогаш да се служи со невистини со цел да дојде до вистината.

**Совесноста** претставува способност за самоконтрола, што е најзначајна особина на личноста на успешниот детектив. Се манифестира во процесите на планирање, организација и извршување на дејноста.

Анализирајќи ги накусо сите домени посебно, може да се заклучи дека главните црти за успешно извршување на детективската дејност се: оптимизмот и емоционалната стабилност, умереноста и независноста, интелектуалната љубопитност, алтруизмот и особено совесноста како најзначаен фактор. Клучот на успешноста на приватниот детектив е во психичките предиспозиции и карактерот на неговата личност. Значи, битна и одлучувачка особина на приватниот детектив е

---

[58] лат: hostilis - непријателски.

[59] . лат: **vulnerabilis** - ранливост, слабост, неотпорност.

**психофизичката стабилност т.е. самодовербата** и можностите и квалитетите, при што не смее да ги преценува или потценува своите капацитети. Тој мора да се фаќа во костец со животните проблеми и да настојува да ги решава успешно, а неуспешните да ги прифаќа како реалност, за што е неопходно потиснување на емоциите и рационално просудување т.е. самоконтрола со одржување на рамнотежа помеѓу емоциите и разумот. Приватниот детектив треба објективно да ги согледува работите, што подразбира зрелост, јасна мисла и точна проценка на конкретна ситуација, интелигентно почитување на фактите и ослободување од нерационалните желби и тензии. Ваквиот профил на личноста на детективот овозможува реална перцепција на стварноста и човечката природа.

Покрај психофизичката стабилност и зрелост, приватниот детектив мора да поседува **особини кои се значајни за креативно решавање на одредени проблеми.**[60] Тоа значи дека за различни ситуации мора да има извонредно развиени когнитивни (спознајни), мотивациски, социјални и емоционални способности. Когнитивните аспекти на личноста се карактеризираат со готовност да се примат, видат и слушнат сознанија кои се противречни на претходните искуства, нови или други неверојатни. Многу битен елемент претставува способноста за толерирање на двосмислености, нејасностии и недоречености, како и способноста истовремено во свеста да се држат два взаемно противречни податоци или сознанија, без оглед на нормалната емоционална тензија која е типична за такви неизвесни ситуации. Од големо значење е и флексибилноста на мислењето т.е. движењето на мислењето во различни насоки, отстапување од претходниот став и замена со нова ориентација и поинаков пристап кон конкретниот проблем. Од социјалните способности, најбитна е комуникативноста во смисол да се слушне и поинакво мислење или став и способноста да се разберат човечките постапки, соодвено да се реагира во одредени социјални ситуации и да се поседува умешност за воспоставување и менување на значајни меѓучовечки односи. Од мотивациските карактеристики за креативно решавање на сложени проблеми, најзначајни се: мотивот за постигнување на цел, љубопитност, креативност во смисол на барање на нови неочекувани решенија, како и желба за самостојност заснована врз

[60] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр.64

чувство на самодоверба. Во однос на емоционалната компонента, неопходни се позитивното мислење т.е. оптимизам и емоционална стабилност.

Мошне битен елемент за профилот на личноста на приватниот детектив претставува приспособувањето кон амбиентот т.е. точно да знае и умее во која средина како да се однесува и кои вредности да ги почитува. Способноста за добро планирање и смисол за рационалност односно умереност без здодевање исто така претставува битен фактор во реализацијата на целите. Правилното и логично размислување (топло срце студена глава и здрав разум), воздржаност, неекспонирање („видлива невидливост"), избегнување на фалбаџиство и непотребно истакнување на сопствените квалитети, претставуваат неопходни особини за успешно извршување на детективската дејност. Конечно, **способноста за тимска, синхронизирана и координирана работа** е битен услов, затоа што многу работи приватниот детектив не е во состојба да ги извршува без ангажирање на соработници.

Заклучните согледувања за профилот на личноста на приватниот детектив, можат да се сублимираат во теза дека тој со луѓето и изворите на сознанија мора да се однесува во согласност со своето место и улога. Тоа значи дека треба да почитува повеќе основни правила во однесувањето и комуникацијата, како што се почитување на другите, внимателно слушање и непрекинување на соговорникот, избегнување да се влегува во судир на мислења, туку наместо тоа, изнесување на подобра варијанта за решавање и сл. Приватниот детектив треба да настојува да изнајде вистинска мерка на скромност и ненападност во однесувањето, да биде уреден во секој поглед. Професионалниот однос во прв ред подразбира избегнување на интимизација со клиентот, почитување на договорените термини и во разговор секогаш прецизно дефинирање на сопствените обврски. Доколку се склучи договор, мора да постои коректна и флексибилна соработка со нарачателот на детективската услуга. Со ваквиот профил, приватните детективи имаат објективна можност во многу случаи да бидат поефикасни од државните структури, од едноставна причина што не одат по бирократски шеми и за секоја добиена битна информација плаќаат коректно и во готово.

## 2.4 Етички норми, конфликт на интереси и естетика

**Професионалната етика или деонтологијата на професијата (занимањето) приватен детектив,** исто така се засновува на принципите и нормите кои ги определуваат членовите во било кој занает или фела (лекари, правници, адвокати, новинари, научни работници, полицајци и др). Етиката не може да влијае директно на состојбите во одредена професија, но затоа од најзначајните припадници бара да се однесуваат согласно моралните вредности, а од организациските субјекти да утврдуваат етички кодекси. Поимот кодекс (лат.: codeks) означува прописи или правила за постапување во одредени ситуации или професија. Значи, се работи за пишани етички (морални) правила, прописи и норми за однесување на лицата од една група, професија, дејност. Во овој контекст треба да се разгледува и етичкиот кодекс на детективската дејност кој претставува најзначаен деонтолошки документ.

Приватните детективи често се соочуваат со морални дилеми кога одредена ситуација бара од нив да се определуваат за алтернативни решенија, постапки или одлуки. Ваквите дилеми особено доаѓаат до израз во ситуации кога решенијата се во корист на еден, а на штета на друг субјект, т.е. кога алтернативно се поставени како морални или неморални, при што донесувањето на исправно решение не е едноставно и лесно. Меѓутоа, доколку детективот добро ја изучил етиката и ги познава моралните норми и ако се потпре на совеста и на законските одредби и стандардите на дејноста, ќе донесе исправна одлука и преземе правилен чекор.

Етичките документи (кодекси) најчесто немаат сила на санкции како законските, туку само укажуваат на потребата од совесно однесување како професионалец во струката. За прекршување односно непочитување на етичките норми постојат морални санкции кои во одредени случаи можат да бидат и потешки од правните.Тие освен грижа на совеста кај поединецот, најчесто се придружени со колективна осуда од јавното мислење на граѓаните и медиумите, бојкот од колегите, соработниците и клиентите и сл.

Професионалниот кодекс кој се пропишува и донесува во рамките на Асоцијацијата на приватни детективи, ги содржи основните вредности и принципи

на дејноста детектив. Тие основни вредности и принципи врз кои се темели етичкиот кодекс се:[61]

- **Принципот на професионалност** во вршењето на дејноста, што подразбира извршување на работите на високо стручно ниво, но истовремено и еднаков третман на странките (нарачателите на услуги), со што се запазува и принципот на еднаквост. За овој принцип неопходно е континуирано надградување и стручно усовршување;
- **Принципот на должноста** се однесува на обврските при извршувањето на работите во согласност со сопствената совест и чувство за должност (обврска), како и во согласност со легислативата. Овој принцип бара одговорно вршење на работите и исполнување на обврските.

Покрај овие два основни принципи, за детективската дејност мошне битни се и принципите на совесност, чувањето на тајни, коректност, ефикасност, потоа принципот на взаемна доверба и соработка, уредност и навременост во извршувањето на работите во интерес на странките. Исто така, постојат и редица други етички начела, од кои ги потенцирам самостојноста во одлучувањето, непристрасност, аполитичност и неконфликтност во сферата на финансиските интереси. Овие принципи, објективно, претставуваат coditio sine gua non за деонтолошко обединување на моралните и правни вредности и норми и градење на углед, престиж и пример за останатите во рамките на фелата. Во вршењето на дејноста, приватниот детектив мора да води грижа за **правото на секое лице** во поглед на заштита на достоинството, угледот, честа и приватноста (личниот и семеен живот, моралниот интегритет, приватни фотографии и разговори итн.). Детективот не смее да собира податоци кои се законски забранети, да навлегува во туѓ посед, да посредува или симулира откуп на предмети кои потекнуваат од извршено кривично дело, не смее да врши симулирано давање и примање поткуп, како и присилна наплата. Во овој контекст, тој може да извршува само услуги од областа на менаџменетот на побарувања, т.е. да спроведува легални акции за покренување на наплата на побарувања од некоја фирма. Методите за овој вид услуги можат да бидат со потсетници за плаќање, телефонска комуникација и посета на должникот на терен, па до

[61] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр.67

овластување на специјализирана правна фирма заради вонсудско средување на проблемот. Откупот на побарување т.е. на долгови претставува еднострано постапување за постигнување на поголема ликвидност. Со пренесување на правото на побарување на должникот, се зголемува непосредно приливот на готовина и тоа по поволни услови. Значи, детективската агенција може да ги купува севкупните побарувања од должниците, т.е. актуелните долгови и побарувања кои веќе се откажани или пак за кои се преземени легални чекори.

Детективот не смее да обавува дејност и да применува овластувања кои се монопол на полицијата, безбедносно разузнавачките служби и правосудните органи. Тој може само да набљудува (опсервира), да следи и да фотографира и снима на јавно место. Интересно е што законот ја употребува токму наведената фраза „фотографско снимање", од што може да се заклучи дека видео снимањето т.е. снимањето на подвижни слики не е дозволено, исто како што не е дозволена употреба на средства или уреди за прикриено снимање или прислушување. Меѓутоа, од практичното искуство, се поставува прашање што всушност претставува прикриено фотографско снимање? Прашањето произлегува од фактот што мобилните телефони имаат вградени камери и до 8 мегапиксели, што е доволно за зголемување поголеми од А-3 формат. Меѓутоа, мобилните телефони не претставуваат никаков уред за прикриено снимање, туку фотографската фреквенција е само една од бројните функционалности. Затоа, приватните детективи можат слободно да снимаат со мобилни телефони, бидејќи тоа се третира како легално снимање односно снимање на јавно место.

Конфликтот на интереси[62]се однесува само на приватни интереси на службени лица што вршат јавни овластувања. Тоа подразбира состојба кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес, или кога приватниот интерес влијае врз непристрасност во вршење на работите од јавен интерес. Јавниот интерес претставува поширок општествен интерес за општо добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла. Тој јавен интерес може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа, поради настанување судир на

[62] Закон за спречување на судир на иншереси „Сл. весник на РМ" бр. 70/ 2007.

приватниот со јавниот интерес. Приватниот интерес е материјален и нематеријален интерес на службено лице што може да влијае на неговата одлука при вршењето на работите од јавен интерес.

Приватниот детектив не е службено лице кое врши јавни овластувања, но моралните норми претставуваат интегрален дел од неговиот личен и професионален профил. Тој е должен да одбие извршување на услуга во случаи кога работи или пак работел во иста детективска агенција или пак работи во иста или дејност која со него правно или стварно е поврзана. Конфликт на интереси се и случаи кога детективот вршел работи за спротивната страна, на пример бил ангажиран од сопругот поради сомневање на неверство од страна на сопругата, а по извесно време и сопругата сака да го ангажира истиот самостоен детектив или детективска агенција. Судир на интереси би претставувало и доколку детективот во ист случај работел како припадник на безбедносно разузнавачки служби, односно овластено лице задолжено за други работи од безбедносна или разузнавачка природа или како обвинител. Значи, секој еснаф има свои етички норми како кодекс на однесување.

Приватниот детектив мора покрај правните норми, добро да ги познава обичаите и моралот на средината, односно правните норми да ги согледува во корелација со обичајните. Тоа ќе му биде од голема корист во пружањето на услуги на граѓаните. Правните норми искажани низ закон и други прописи, имаат обврзувачко дејство за граѓаните односно поедини категории на граѓани. Секогаш законодавецот во демократските држави настојува во системот од правни норми да се вградат и обичајните норми во најголема можна мера. На тој начин се создава хармонија во однесувањето на граѓаните кои почитувајќи ги правните норми, истовремено ги почитуваат и обичајните. Доколку во правните норми не се вградат обичајни, се создава амбиент на судир на овие норми, што предизвикува непочитување на законските прописи. Ако некоја правна норма не се прифаќа од голем број граѓани поради морални причини, таквата правна норма речиси е неспроведлива.

Приватниот детектив е еден вид таен полицаец. Пружајќи услуги на нарачателите, тој влегува во најситни поединости, во личните и чувствата на семејството, ја запознава нивната душа. Токму поради овие причини, тој мора да поседува квалитети и особини, посебно почитување на нормите во врска со чесноста. Се

разбира, во овие норми не се вбројуваат неопходните флексибилни отстапувања (дозволено доведување во заблуда, блефирање, „лов на темно", „игра на индиректни прашања", „паралела", „консултација", „професионален разговор" и други нестандардни и специфични техники за добивање на информации), со цел да се дојде до материјалната вистина. Едноставно, детективот мора да го применува методот на дедукција заснован на систематизирање на сите детали и нивно користење за извлекување на информации.

Чисто од практични потреби, напоменувам дека приватниот детектив мора да води посебна сметка и за естетиката (облекување, однесување, разговор, жаргон и сл.), односно да ги има предвид сите елементи на убавото и пријатното.

## 3. Видови на најчести детективски услуги и рокови за нивно извршување

### Набљудување (следење)

Следење се применува од страна на детектив или група за следење со цел да се утврдат факти кои го интересираат нарачателот, открие бараното лице и се докаже дека тоа има врска со некого или нешто. Набљудувањето (следењето) се врши во природни услови: објектот на следење не се сомнева дека е „под надзор", што дава можност да се дојде до веродостојни сознанија за неговите контакти и вообичаените рути на движење, фактичкото место на работа, живеење, конкретни испорачатели и киенти на фирмата во која што работи, возниот парк и слични сознанија.

Роковите за извршување на оваа услуга се со итен карактер, а нарачателот плаќа од час набљудување. Колку време ќе биде потребно за утврдување на бараните сознанија се решава при лична средба. [63]

[63] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр.71

**Прибирање на сознанија**

Прибирањето на сознанија и нивната проверка се бара речиси во секој конкретен случај: собирање иа податоци за физички н правни лица, утврдување на крнминалното минато. нсгативни моменти во работата на компанијата, како и самиот факт на нејзино постоење; откривање на адреса и телефонски броеви на потребните луѓе; информации за претходните сопственици на „нов" (како што тврди продавачот) автомобил; проверка на „чистотата" на недвижниот имот и многу други факти.

Податоците за физичко или правно лице од официјалните регистри и евиденции се прибираат во рок од 1-3 дена. Доколку е потребна проверка или утврдување на фактичкото место на живеење, местото на работа и сл., роковите се пролонгираат (понекогаш за двапати).[64]

**Истрага и пронаоѓање**

Мошне барана услуга е пронаоѓање на роднини, другари од детство, поранешни соучесници, љубовници и брачни партнери, должници или измамници. Прибирањето на сознанија за некогашните соученици по долги прекини во нивната комуникација, измамничките афери сврзани со пари, исчезнатиот должник, братот или таткото на семејството кој заминал на печалба и на кого му се губи секаква трага, претставуваат случаи на кои што детективот најчесто работи. Понекогаш таквите лица се пронаоѓаат, но често нивните траги се прекинуваат. Сепак, детективот треба да ги убедува нарачателите на овој вид услуга да не губат надеж, зошто понекогаш бараното лице може да се пронајде дури и по десетина години.

Во однос на роковите за извршување, детективот секогаш треба да ги предупредува клиентите колку време би можело да биде потребно за вршење на истрагите. Се зависи

[64] Ibid, 72

од појдовните сознанија, колку одамна исчезнало лицето и други фактори, меѓутоа вообичаениот рок изнесува од 15 до 30 дена.[65]

## Проверка на полиграф

Оваа услуга е наменета за фирми и физички лица и кај нас сеуште не се применува често. Вообичаено, проверката на полиграф се врши при вработување, па се до утврдување на сопружничка верност односно неверност.[66] Услугата е достапна како во еднократен, така и во претплатнички режим. Главното правило е целосно доброволно учество во проверките, што значи дека лицето кое треба да биде тестирано потпишува изјава за доброволна согласност, а останатото е работа на детективот полиграфист. Тој мора не само вешто да ракува со уредот во техничка смисла, туку и да знае што да праша за да може да обезбеди максимален резултат за нарачателот.Тоа има посебна важност во случај на истраги на кражби на работа, односно било кои противправни дејствија. Лице кое нема искуства во оперативна или истражна работа, без оглед колку технички го познава полиграфот, едноставно нема да ги постави потребните прашања.

Рокот за извршување на овој вид услуга може да трае еден ден, но понекогаш, кога е потребно време за изготвување специјален прашалник, дури три дена.[67]

## Деловно разузнавање (Due Diligence)

На секој бизнисмен оваа услуга му е потребна како воздух. Уште од самото започнување на сопствениот бизнис, т.е. од неговата идеја и реализација, но и понатаму во текот на развојот, главна улога имаат информациите.[68] Може да се анализира нивниот проект и да се утврди дали нема присуство на ризик фактори, со цел да се избегне најнепријатното уште на самиот почеток. Понатаму, може да се

[65] Ibid, 73
[66] Department of Commerce and Insurance, достапно на: - http://www.tn.gov/regboards/pi/pirReq.shtml
[67] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр.73
[68] http://www.detectivesindia.com/due-diligence.html

врши анализа на пазарот, конкурентските кругови, избор на перспективните правци, информации за главните учесници во сферата на услугите, лојалноста на вработените, евентуални инсајдери, проверка на потенцијалните, односно постојните бизнис партнери, како и професионално пронаоѓање на сигурни и исплатливи бизнис контакти.

Роковите за извршување зависат од ситуацијата, проблемите и прашањата кои сака да ги постави нарачателот.

**Контраследење**

Оваа оперативно техничка активност ги зафаќа сите правци на личниот и деловен живот на клиентот: откривање кој евентуално го следи и набљудува, утврдување дали во канцеларијата, станот или автомобилот некој има поставено средства за прислушување или камери, односно дали во компанијата има некој и кој е тој што дава информации на конкурентите. За овој вид услуга, мора да предупредам дека доколку некој сака самостојно да им се спротивстави на криминалните средини или било кои други лица кои се обидуваат да го дознаат неговиот начин на живот, кругот на пријатели и партнери, содржината на базите на податоци за клиентите и сл., тоа може да биде опасно и да резултира со загуба на целиот бизнис, а понекогаш и со уништување на личниот живот. Затоа, во вакви случаи неопходно е да се побара професионална помош од приватен детектив.

Роковите на извршување кога се работи за контра следење обично се околу една седмица, со цел да се приберат и споредат сознанијата за евентуални извршители и нарачатели. Доколку се бараат пошироки информации, односно целосна проверка на личното и службено опкружување, откривање на прислушни и други технички средства во простории, автомобили и сл., времето за извршување би можело да потрае минимум десет дена.[69]

---

[69] Цветкоски Гроздан, Професија приватен детектив, Панили, Скопје, 2011, стр. 74

**Приватни истраги на деликвентни ситуации**

Ваквите активности се преземаат во случаи каде што е непожелно ангажирање на официјални лица, како што се на пример, проблеми со деца (наркоманија, секти, алкохолизам, бегање од дома, зависност од компјутерски игри...) или пак во случаи на проневери и кражби (кога се работи за сомневања во мошне ограничен круг на луѓе), а притоа, од најразлични причини, нарачателот не сака да се „изнесуваат валканите алишта" пред очите на јавноста.

Роковите на извршување зависат од сложеноста на ситуацијата и вообичаено изнесуваат од седум дена до еден месец.[70]

**Проверка на потенцијални кандидати за вработување, лица што сакаат да заминат од фирмата, како и на актуелни вработени**

Проверките се прават со цел да се спречат евентуални проневери и разгласување на деловни тајни. Помошта на детективот е да ги елиминира кандидатите кои не одговараат за работа во компанијата уште во периодот додека се разгледуваат нивните апликации за прием. За фирми оваа услуга може да се добие на претплатничка основа, кога се плаќа одреден месечен паушал, независно од бројот на лицата што треба да бидат проверени. Понекогаш ова е мошне погодна варијанта. Доколку сопственикот или менаџерот се сомнева дека некој ја кочи работата на компанијата или пак работи за интереси на конкуренти, односно врши различни „диверзии", тоа претставува добар повод да се испита личноста на вработениот. Роковите за извршување вообичаено изнесуваат од седум до десет денови.[71]

**Незаконско користење на логотипи, амблеми на компанијата и нејзиното име, нелојална конкуренција**

Доколку на пазарот се појавуваат производи кои наликуваат на оригиналот, но кој што чини значително поевтино, потоа ако некој сака работата да ја прикаже како

[70] Ibid, 75
[71] Ibid, 75

да е негова или ја злоупотребува идејата, приватниот детектив може да помогне. Истото се однесува и на илегалната стока која ја испорачуваат други испорачатели, случаи на преземање на вработени и сл. Роковите на извршување изнесуваат од минимум една недела и повеќе.[72]

**Прибирање на информации за претстојни деловни разговори**

Приватниот детектив им помага на бизнисмените да се подготват за претстојните деловни разговори со новите партнери, особено ако тие се од посебно значење. Тоа значи да се открие дали вреди да се започнува соработка со тие партнери, и ако е така, под кои услови? Доколку новиот партнер има намера активно да учествува во бизнисот, детективот посочува до кои нивоа би требало да им се овозможи пристапот, до каде би смеел да информира, како да даде одредени препораки во врска со тоа. Исто така, ќе открие дали новиот партнер има врски со конкурентите, што исто така е од посебна важност. Рокови за извршување од три дена до две седмици.[73]

**Брачно неверство**

За некои луѓе брачното неверство претставува најболно и најбитно прашање. Секој има право да знае дали некој го изневерува, без оглед дали се работи за сопруг (сопруга) или за момче (девојка). При тоа може бесконечно да се докажува дали се разликуваат машките и женските неверства, меѓутоа, човекот доколку влегува во трајни и цврсти односи, мора да ги почитува интересите на другата половина. Доколку некој се сомнева дека партнерот не е чесен и го лаже, може да ангажира приватен детектив кој врши апсолутно дискретна и доверлива истрага со цел да се дознае вистината. Меѓутоа, доколку сомнежите не се потврдат, никој ништо нема да дознае, ниту партнерот, ниту пак трети лица, што значи дека може да се продолжат односите со партнерот како ништо да не се случило.

[72] Ibid, 76
[73] Ibid, 76

Роковите за извршување, според досегашните искуства за откривање дали партнерот има врска на страна, обично изнесува не повеќе од десет дена.[74]

### Тајно фото и видео документирање

Се врши во функција на сите досега наведени услуги. Ова е вид на работа која обично претставува составен дел на набљудувањето (следењето). Меѓутоа, понекогаш нарачателот бара да се утврди дали конкретно лице посетило одредено место или пак сака да добие квалитетен фотопортрет на некое лице, но тој да не разбере за тоа. Роковите за извршување ги одредува нарачателот.[75]

### Помош во врска со граѓански, арбитражни, кривични дела, како на страна на обвинението, така и на страна на одбраната

Кога некој ќе се соочи со неправично обвинување, а полицијата ништо не презема, а самиот не е во состојба да ја докаже својата невиност, приватниот детектив прибира доказен материјал, наоѓа нови сведоци, дава изјави во суд (доколку тоа се бара) и помага на адвокатите.

Роковите на извршување зависат од сложеноста на предметот и од тоа пред колку време бил започнат.[76]

## 4. Разузнавањето во функција на детективските агенции

Во поранешна СФРЈ постоеше многу добро организиран систем на државна контола, државна разузнавачка и контраразузнувачка дејност. Таа го бранеше целиот систем од разузнавачки интереси на непријателите (постоечки или

74 Ibid, 76
75 Ibid, 77
76 Ibid, 77

потенцијални). Со нејзината дејност се бранеше: државата, граѓаните, носителите на јавни функции, организациите и установите. Таквиот приод обезбедување тотална тајност на преземените мерки, истовремено бараше големи средства (трошоци), со што се доаѓаше до затвореност на информациската размена во рамките на една организација, посебна установа или група на такви установи (во едно претпријатие, една установа, воена установа или индустриски комплекс).

Со развој на условите за пазарна економија, не е можно да се освои пазарот без проширување и размена на податоци и информации за новините достигнуивања (без нивно претставување не е можна и нивна надградба) во техничко технолошкиот развој, производството, продукција (во рекламни цели) и слично. Од тие причини проблемот на контраразузнавачка заштита не се решава со тотално

затворање. Задачите на спротивставување на разузнавачката дејност во услови на развиена пазарна економија стануваат уште потешки, поради зголемување бројот на субјектите. Во оваа насока не се врзани само државните специјални служби туку и многу конкуренти, приватни детективски агенции, новинари, криминални елементи и др. Тие истовремено се објекти на разузнувачката дејност на опонентите. Порано за начинот на шпионажа, начинот на пронаоѓање на агенти, технологија на користење на специјална техника, знаеше само тесен круг на специјалисти.

Денес човек без проблеми може да купи литература и техника за разузнавање (може да се здобие со практично знаење за било кое техничко помагало за тајно добивање на информации). Затоа недржавните субјекти на претприемништво за да преживеат во конкурентна борба се принудени да се занимаваат со разузнавање и контраразузнавање.

За да се разреши оваа контраверзија со развојот на пазарното стопанство, во светот се јавија организации што функционираат како приватни детективски агенции како вид на претприемништво и како одбрамбен и заштитен механизам на бизнисот од деликвентски активности. Оваа дејност кај нас се јавува во три форми, и тоа:[77]

[77] Буџакоски С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005, стр.298

- приватна детективска дејност (собирање и обработка на податоци);
- приватна дејност што е поврзана со обезбедување (мешовита дејност детективско работење и обезбедување на имот и лица) и
- обезбедување имот и лица.

Според постоечката законска регулатива во рамките на листата на услуги кои што се определуваат од страна на законодавецот, приватната разузнувачка (детективска) дејност, е доста сигурен инструмент за обезбедување безбедност и заштита на субјектите на претприемништвото. Со пазарните промени, се јави уште една проблематична ситуација што досега се наоѓаше во сенка и без голем интерес на бизнисмените, а тоа е нејзината форма, суштина, објективна потреба или неопходност да се бранат приватните фирми од разузнувачка дејност од други фирми. Во отсуство на легитимни можности за обезбедување на контраразузнавачка заштита од страна на државата, се бара во рамките на приватна разузнувачка (детективска) дејност. Приватната разузнавачка дејност вклучува пет разузнавачки дејствија и контраразузнавачка дејност (претежно во вид на оперативно разузнавачка дејност).

Со брзиот развој на пазарот на локални, регионални и светски рамки, денес постои објективна неопходност и потреба од посебен вид на приватна, детективска и обезбедувачка дејност, што со едно заедничко име се нарекува приватно разузнавање и контраразузнавање, т.н. детективска дејност. Се поставува прашањето на значењето и дефинирањето на овој поим. Одговорот на ова прашање е доста едноставен. Тоа е разузнавање и контраразузнавање како самостоен орган кој е во функција на приватните фирми надвор од државата, со определена намена и дејност регулирана со закон. Со цел да се утврдат приодите кон решавање на дадениот проблем разузнавањето и контраразузнавањето добиено од отворени извори, дава можност да се развие една детективска дејност, гледано од повеќе аспекти. Со што тие податоци ќе помогнат да се дознаат:[78]

- што треба да се брани и заштитува (како да се врши проценка за вредностите и како се прави хиерархија од тие вредности);

[78] Буџакоски С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005, стр.299

- кои видови загрозување се јавуваат или можат да се јават спрема објектот на заштита и кои мерки на разузнавање и контраразузнавање треба да се применат;
- кои средства и методи се применуваат во загрозување на интере сите на противникот и кои мерки на разузнавање треба да се при менат да се открие оваа активност;
- кои начини, средства и методи на заштита треба да се применат за да се одговори на задачите што произлегуваат од разузнавачката и контраразузнавачката дејност;
- како да се организира разузнавачката и контраразузнавачка та служба во приватниот сектор.

Без правилни одговори на овие прашања и практична примена на непходни средства и мерки за заштита на приватните фирми, може да се оствари конкуренција во новонастанатите пазарни услови. Тоа може да се постигне само со методот на тркалезна (кружна) заштита, ако тоа го дозволуваат ресурсите или според методот на крпење дупки (што е пореално) ориентирање на т.н. здрава смисла при решавање на контраразузнавачки задачи. Тие разузнавачки мерки треба да се спроведуваат континуирано и во случај кога отсуствуваат прецизни податоци за конкретно загрозување од страна на конкретна организација, корпорација и слично. Покрај тоа, последица на успешни дејствија, да кажеме последици од разузнавање од страна на конкуренти (во форма на тајна кражба на информации), се пројавуваат по некое време кога доста е тешко да се пронајде причина за влошување на финансиската положба на фирмата или пројавување кај конкурентот аналгична продукција. Тоа не придонесува кон психолошка подготвеност на раководителот спрема големи трошоци за потребите на своето разузнавање и контраразузнавње. Освен тоа, на контраразузнавачките органи им се спротиставува апаратот на разузнавање на непријателот кој користи различни начини на добивање на информации, вклучувајќи многу префинети начини, бидејќи поседува модерни технички средства за откривање, добивање и фиксирање на информации. Затоа можностите на контраразузнавање не мораат да се повикуваат пред можностите на разузнавање. Покрај тоа, таа ќе обезбеди суштинска помош на агентите и службите

од областа на безбедноста во државните, приватните и стопанските субјекти, ќе им помогне да не прават многу грешки и полесно да ја заштитат државата или својата фирма.

## 5. Перспективи на приватните детективски агенции

Исто така, интензивно се размислува и за правно регулирање на ниво на земјите на ЕУ на можноста поединци и приватни компании од секторот на приватната безбедност да можат непречено да работат покрај во својата и во другите земји на ЕУ, нормално, откако притоа ќе се хармонизира постоечката регулатива помеѓу земјите на ЕУ и ќе се создадат и практични претпоставки поединците и фирмите (домашни и странски) да работат под подеднакви и фер пазарни услови, со почитување на минималните стандарди за фер компетиција и нудење на што е можно поквалитетни услуги за обезбедување на лица и имот и приватна детективска дејност.

Врз основа на досега кажаното, како перспективи на развојот на приватната безбедност во земјите на ЕУ, но и на сите земји во Европа воопшто, меѓу кои и на нашата, би можеле да ги наведеме следниве:[79]

- Очекување за иден позасилен раст и развој на дејноста приватно обезбедување на лица и имот и приватна детективска дејност;
- Зголемување на бројот на субјектите кои вршат ваква дејност и усложнување на нивната организациона, техничка, функционална и кадровска структура;
- Развој на односите на секторот на приватната безбедност со секторите на државната, јавната и граѓанската безбедност;

[79] Спасески, Аслимоски, Герасимоски, Приватна безбедност, Полициска академија и ФТУ, Скопје-Охрид, 2008, стр.228-229

- Воспоставување минимални правни, етички и професионални стандарди во вршењето на дејноста на ниво на земјите на ЕУ и на ниво на поединечни легислативи на поодделните земји;
- Зголемување на приходите и профитите од вршењето на дејноста во секторот на приватната безбедност, т.е. индустријата на приватната безбедност;
- Можен пораст на аномалиите и пропустите во вршењето на дејноста предизвикани од преголемата комерцијализација на дејноста наспроти потребата од придонесувањето кон општата безбедност, а не само безбедноста на оној кој има или кој најмил приватно обезбедување.

Во Република Македонија, се чини дека е неопходно да се спроведе научно истражување кое ќе даде одговор за обемот и квалитетот на приватната дејност во државата; преиспитување на правната регулатива; формите на едукација и оспособување на кадрите од оваа дејност и оценка за досегашната практика.

За потребите на магистерскиот труд беше спроведено емпириско истражување со цел да се види како се уредени работите во детективската дејност, како вработените во агенциите за обезбедување ја доживуваат детективската дејност, како нивни партери или можеби како конкуренција.

Во Република Македонија постои сериозна законска основа за имплементација на детективската дејност во практиката. Неопходно е да се воспостави добра комуникација помеѓу детективските агенции, нивните групации (кои се очекува да се формираат во иднина) со Министерството за внатрешни работи и Стопанската комора чиј што придружен член би требало да бидат идните правни лица за вршење на детективска дејност". За потребите на ова истражување вкупно беа анкетирани 58 испитаници од 8 агенции за обезбедување и тоа: Никоб, Бранител, Оса, СГС, Перпету мобиле, Преториан, МДН и Алфа секјурити.

Станува збор за испитаници кој најголем број се на раководни функции, а определбата беше дека тие најдобро ги познаваат состојбите во детективската дејност. На испитаниците им беа поставени 18 прашања. После спроведеното анкетирање податоците беа селектирани, групирани и подредени да ја потврдат објективноста во оваа сфера. Значи за потребите на испитувањето беше направено квантитативно испитување на примерок и испитаници по случаен избор. Во продолжение ќе следи интерпретација на истражувањето

*Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето*

Ова истражување беше спроведено на територијата на Скопје и со него беа опфатени осум агенции од кои беа анализирани 58 испитаници по случаен избор со помош на акетен прашалник даден во Прилог 1.

***Табела 1. Приказ на испитаниците по пол***

| Пол | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Машки | 46 | 79 |
| Женски | 12 | 21 |
| Вкупно | 58 | 100 |

***Графикон 1. Приказ на испитаниците по пол***




**Сопствени истражувачки зафати**

Од графиконот 1 се гледа дека поголемата популација во агенциите ја сочинува машкиот пол, и во ова истраување тие се застапени со 79%, додека 21% им припаѓа на женскиот пол.

*Табела 2 Приказ на испитаниците по воздраст*

| Воздраст | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| До 20 год | 5 | 9 |
| 21-31 год | 19 | 33 |
| 31-40 год | 26 | 44 |
| 41-50 год | 8 | 14 |
| 51-60 год | | 0 |
| 61-65 год | | 0 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Грагикон 2 Приказ на испитаниците по возраст*




**Сопствени истражувачки зафати**

Во зависност од старосната структура најголем процент односно 45% од вкупниот број на испитаници се на возраст од 31 до 40 години, 33% се испитаници на возраст од 21 до 30, додека најмалку т.е 9% од испитаниците се до 20 годишна возраст.

*Табела 3 Приказ на испитаниците по завршено образование*

| Образование | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| ВСС | 15 | 74 |
| ВШВ | | 0 |
| ССС | 43 | 26 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 3 Приказ на испитаниците по завршено образование*




**Сопствени истражувачки зафати**

74% од испитаниците имаат завршено средно образование, додека релативно мал број само 26% се со висока стручна спрема.

*Табела 4 Приказ на испитаниците по работно искуство*

| Работно искуство | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| до 5 год | 39 | 67 |
| 6-10 год | 12 | 21 |
| 11 - 15 год | 7 | 12 |
| 16-20год | | 0 |
| Над 25 год | | 0 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 4 Приказ на испитаниците по работно искуство*




**Сопствени истражувачки зафати**

Од графиконот 4 може да се види дека најголем дел односно 67% од испитаниците се со работно искуство со 5 години, 21% се испитаници со работно искуство од 6 до 10 години, додека остатокот од 12% му отпаѓа на испитаници кои имаат работно искуство во оваа област од 11 до 15 години.

*Табела 5 Хиерархија во детективските агенции*

| Дали постои хиерархиско ниво во агенцијата | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 48 | 83 |
| Не | 10 | 17 |
| Вкупно | 58 | 100 |

***Графикон 5 Хиерархија во детективските агенции***




**Сопствени истражувачки зафати**

Ставот на 83% од испитаниците потврдува дека во детективските агенции постои хиерархиска поставеност, ваквиот висок процент укажува на тоа дека во овие агенции се посветува внимание на нивното управување кое резултира со ефикасно и ефективно извршување на поставените задачи, наспроти нив 17% од испитаниците дале негативен исказ.

***Табела 6 Техничка поделба на работата во агенцијата***

| Дали постои техничка поделба на работата во агенцијата (обезбедување, видео надзор, следење на пари, администрација) | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 56 | 97 |
| Не | 2 | 3 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 6 Техничка поделба на работата во агенцијата*




**Сопствени истражувачки зафати**

97% од испитаниците тврдат дека во детективските агенции постои техничка поделба на работата која се состои од: обезбедување, видео надзор, следење на пари, администрација и сл.

*Табела 7 Услови за вршење на детективска дејност*

| Дали за вршење на детективската дејност е потребно да се исполнат посебни услови и да се посетуваат обуки | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 58 | 100 |
| Не | 0 | 0 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 7 Услови за вршење на детективска дејност*




**Сопствени истражувачки зафати**

100% од испитаниците тврдат дека за вршење на детективската дејност е потребно да се исполнат посебни услови и да се посетуваат обуки. Ова потврдува дека постои целосна упатеност и едуцираност кај кадрите кои работат во оваа област.

***Табела 8 Детективската дејност и безбедносните закани во општеството***

| Дали детективската дејност помага во намалување на безбедносните закани во општеството | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 37 | 64 |
| Не | 7 | 12 |
| Можеби | 14 | 24 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 8 Детективската дејност и безбедносните закани во општеството*




**Сопствени истражувачки зафати**

Ставовите на испитаниците се поделени во врска со тоа колку детективската дејност помага во намалување на безбедносните закани во општеството, меѓутоа 64% се децидни во својот позитивен одговор и тие се согласуваат дека детективската дејност може да биде еден од условите за намалување на безбедносните закани во општеството, односно 24% се делимични во својот одговор и 12% цврсто се убедени дека овие агенции немаат позначаен придонес во намалувањето на безбедносните закани во општеството.

*Табела 9. Статус на вработените*

| Дали вработените се водат како постојни вработени | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 41 | 71 |
| Не | 17 | 29 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 9. Статус на вработените*




**Сопствени истражувачки зафати**

На прашањето: Дали вработените се водат како постојни вработени? 71% дале позитивен исказ, додека 29% се изјасниле дека во агенцијата се на привремено вработување. Високиот позитивен процент укажува дека овие агенции имаат континуирани работни ангажмани и тоа позитивно влијае врз стапката на вработеност.

***Табела 10 Вработувањето и зголемениот обем на работа***

| Дали се вработуваат луѓе на определено работно време поради зголемениот обем на работа | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 42 | 72 |
| Не | 16 | 28 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 10 Вработувањето и зголемениот обем на работа*




**Сопствени истражувачки зафати**

Дококолку постои зголемен обем на работа резултатите покажуваат дека во агенциите се врши вработување на дополнителен кадар на определено работно време, ова го потврдуваат 72% од испитаниците, додека само 28% се изјасниле дека во нивните агенции не се врши вработување на дополнителни кадри, туку напротив се врши прераспределба на постојните кадри и се зголемува нивниот обем на работа кое може да резултира со намален квалитет на услугите.

***Табела 11 Деловна тајна во договорот за вработување***

| Постои ли деловна тајна наведена во договорот за вработување | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 35 | 60 |
| Не | 5 | 9 |
| Можеби | 18 | 31 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 11 Деловна тајна во договорот за вработување*




**Сопствени истражувачки зафати**

Од графиконот 11 можеме да констатираме дека во договорот за вработување постои деловна тајна ова го потврдуваат 60% од вкупниот број на испитаници, додека 31% од испитаниците не се целосно сигурни за тоа колку во договорот за вработување постои деловна тајна, односно 9% се изјасниле негативно.

*Табела 12 Податоци кои се прибираат*

| Кои податоци се прибираат | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Лични | 6 | 10 |
| Видео | 3 | 5 |
| Аудио | 7 | 12 |
| Сите претходни | 42 | 73 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 12 Податоци кои се прибираат*




**Сопствени истражувачки зафати**

Мал процент од испитаниците сугерираат дека се врши пооделно прибирање само на лични, видео, аудио податоци. Ставот на 73% од вкупниот број на испитаници укажува дека се врши прибирање на сите различни видови на податоци кои се неопходни за извршување на потребните работни ангажмани.

***Табела 13 Правната дејност на детективските агенции***

| Која е правната дејност на детективските агенции | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Собирање информации | 12 | 21 |
| Обработка на информациите | 15 | 26 |
| Собирање, обработка и правилно постапување со нив согласно законот | 31 | 53 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 13 Правната дејност на детективските агенции*




**Сопствени истражувачки зафати**

Од графиконот 13 може да се констатира дека само 53% од вкупниот број на испитаници имаат точна теоретска претстава за тоа што всушност ја чини правната дејност на детективските агенции, додека 26% сметаат дека нивната цел е само обработка на податоци, а 21% им придаваат значење на прибирањето на информации, со што ова укажува на тоа дека постои слаба теоретска поткрепеност кај персоналот кој делува во оваа сфера.

***Табела 14 Застапеноста на детективските агенции во безбедносниот систем на земјата***

| Дали сметате дека детективските агенции се доволно застапени во безбедносниот систем на земјата | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 15 | 26 |
| Не | 43 | 74 |
| Вкупно | 58 | 100 |

***Графикон 14 Застапеноста на детективските агенции во безбедносниот систем на земјата***




**Сопствени истражувачки зафати**

На прашањето: Дали сметате дека детективските агенции се доволно застапени во безбедносниот систем на земјата? 74% сметаат дека тие не се доволно застапени во безбедносниот систем на земјата, додека само 26% од испитаниците дале позитивен исказ.

***Табела 15 Ангажираност на детективските агенции во рамките на приватниот сектор***

| Дали сметате дека детективските агенции се доволно ангажирани во рамките на приватниот сектор | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 19 | 33 |
| Не | 20 | 34 |
| Можеби | 19 | 33 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 15 Ангажираност на детективските агенции во рамките на приватниот сектор*




**Сопствени истражувачки зафати**

34% од испитаниците на ова прашање дале негативен одговор, додека 66% од ставовите сразмерно се поделени на оние кои сметаат дека детективските агенции доволно се ангажирани во рамките на приватниот сектор и оние испитаници кои се делимични во поглед на ова прашање.

*Табела 16 Детективските агенции и безбедносниот ризик во државата*

| Дали сметате дека детективските агенции помагаат во превенцијата и справувањето со безбедносниот ризик во државата | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 48 | 83 |
| Не | 10 | 17 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 16 Детективските агенции и безбедносниот ризик во државата*




**Сопствени истражувачки зафати**

83% од вкупниот број на иапитаници тврдат дека детективските агенции помагаат во превенцијата и справувањето со безбедносниот ризик во државата, наспроти нив само 17% имаат негативен став во поглед на ова прашање.

*Табела 17 Детективските агенции и внатрешната безбедносна политика*

| Дали сметате дека детективските агенции помагаат за зголемување на стабилноста на внатрешната безбедносна политика | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 52 | 90 |
| Не | 6 | 10 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 17 Детективските агенции и внатрешната безбедносна политика*




**Сопствени истражувачки зафати**

Всоки 90% сметаат дека сметате дека детективските агенции можат да помогнат за зголемување на стабилноста на внатрешната безбедбосна политика, за разлика од нив незначителни 10% дале негативен одговор.

***Табела 18 Соработка помеѓу детективските агенции и МВР***

| Дали постои континуирана соработка помеѓу детективските агенции и МВР | Фрекфренција | % |
|---|---|---|
| Да | 19 | 33 |
| Не | 28 | 48 |
| Можеби | 11 | 19 |
| Вкупно | 58 | 100 |

*Графикон 18 Соработка помеѓу детективските агенции и МВР*




**Сопствени истражувачки зафати**

На прашањето: Дали постои континуирана соработка помеѓу детективските агенции и МВР, 48% од испитаниците одговориле со "не", 33% со "да" и 19% со "можеби", ова укажува на фактот дека е потребно да се обрати особено внимание на оваа меѓусебна соработка, бидејќи може да биде од особена важност во разрешување на некои криминални дејствија.

**Заклучок**

Од спроведеното истражување можеме да констатираме дека безбедноста се определува како состојба во која е овозможен урамнотежен физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединците и вкупното општество во однос на другите поединци, општествени заедници и природата. Во овие погледи разликуваме национална, колективна, меѓународна и ндивидуална безбедност.

Безбедносниот систем на самостојна и независна Република Македонија го сочинуваат три основни конститутивни елементи и тоа: правни норми, институции кои вршат безбедносна функција и мерки кои ги спроведува. Институции во секторот кои ја остваруваат безбедноста се јавни институци кои водат безбедносна политика (Претседател на држава, Совет за национапна безбедност и Парламентот); разузнавачка служба, контраразузнавачка служба; служба за борба против сите видови криминалитет, царинска служба, шпедициски служби; финансиска полиција, шумска полиција, пазарна инспекција, санитарна инспекција и други.

Приватната безбедност во земјите од Европската унија започна позасилено да се развива во последниве неколку децении. Посебно силен развој доживеа дејноста обезбедување лица и имот покрај приватната детективска дејност.

Компаниите од областа на приватната безбедност се` повеќе дејствуваат во мултинационална околина, со се` поголема прекугранична активност. Истовремено, како што активностите стануваат се повеќе транснационални, правната рамка која ја регулира оваа индустрија останува национално заснована и покажува значајни разлики од земја до земја.

Генерално, приватниот безбедносен сектор ги опфаќа сите кои се вклучени и извршуваат активности во делот на приватната безбедност.

Приватните компании за обезбедување се нераскинлив дел на јавната безбедност. Во однос на првиот елемент станува збор за извршување работи врзани со јавниот ред и мир, и генерално овие работи и се подведени пред се на

полицијата, додека вториот елемент ги обединува работите кои се врзуваат за имотната и за личната безбедност на граѓаните и нив најчесто ги извршуваат приватните компании за обезбедување

Во Република Македонија, иако Законот за детективска дејност е донесен кон крајот на 1999 год., практиката е, би рекле, неусогласена со вистинските потреби за функционирање на приватната безбедност од една страна и со кадровскиот профил на вработените од друга страна

Дејноста на приватниот детектив е професионална и неа можат да ја вршат само лица кои имаат лиценца т.е. одобрение од Министерството за внатрешни работи. Осигурувањето од одговорност се продолжува се додека активно се извршува дејноста, но тоа не го ослободува детективот од неговата директна одговорност кон оштетени лица. Во Македонија постои законско ограничување во однос на добивањето на лиценца и легитимација за оние лица кои во последните две години работеле во институции од области на безбедноста и одбраната, што инаку не е императивен услов во некои држави Деловната способност на детективот претставува правен квалитет и способност со сопствена активност да придобива конкретни права и задолженија. Таа е поврзана со определена физичка и психичка состојба, која овозможува правилно расудување на она што се презема со цел да се стекне одредена корист, но и сознавање на можните последици од тие дејствија.
Покрај општите и формални законски услови за вршење на детективска дејност, постојат и неформални и непишани, но одлучувачки фактори за квалитетно и успешно извршување на работите. Како најчести видови на детективски услуги ги среќаваме: набљудувањето, прибирањето на сознанија, истраги и пронаоѓање на лица, семејни проблеми, бизнис релации, целосно разузнавање, контраследење и слично.

Детективската дејност како понова дејност во Р. Македонија која задира во безбедносниот сектор на Р. Македонија заслужува голема научна строгост и интелектуална совесност при неговото третирање бидејки приватната безбедност со дадените законски овластувања во некои сегменти од безбедносниот сектор ја обавува функцијата која би требало да ја обавуваат државните органи кои се занимаваат со заштита на сопственоста како на државната така и на приватната

сопственост. Прашањето за тоа колку и до каде може да се дадат овластувања на детективските агенциите е сеуште актуелно.

Досега постоеше значајна литература која главно ги обработуваше теоретските аспекти на приватната безбедност, а само мошне мал дел од истражувањата беа поставени на безбедносната анализа.

Слободно можеме да се каже дека  оваа област е се уште недоволна истражена и претставува предизвик за истражување и специјализација на критичарите кои се занимаваат со оваа проблематика.

Во тие рамки ја гледаме и можноста од давање на соодветен научен придонес со реализација на ова истражување. Проблематиката на детективската дејност во нашата научна литература е  малку третирана. Затоа целта на овој труд беше да се обидеме да систематизираме и приближиме до нашата стручна и научна јавност, разработувајќи ги можностите за конкретна примена на детективската дејност во моделирање на безбедносниот сектор на Р. Македонија.

Заклучоци и препораки:

- За да се подобри работата во оваа дејност потребно е законот да се допрецизира во одредени области, особено во делот каде што се вели дека детективот несмее да склучува договори со државни органи и покрај потребите кои ги искажуваат некои државни институции.
- Должноста за годишно осигурување од одговорност, за настаната штета спрема странката или трето лице која детективот можел да ја причини во текот на работењето делува демотивирачки. (најнискиот износ на осигурување е  определен  во висина на петгодишна просечна плата во Републиката според Заводот за статистика) - осигурителната полиса се продава по екстремно висока цена

- Следно што треба да го подобри работењето на детективските агенции се измени во законскиот дел каде што покрај договорот склучен во писмена форма (помеѓу детективот и странката) се бара и посебно писмено овластување од странката заверено на Нотар. Во пракса, посебното овластување и заверката на Нотар ги одвраќа корисниците на детективски услуги поради чуствителноста и дискрецијата на некои нивни потреби.
- Понатаму, истражувањето покажа дека постои мала соработка со државните органи, посебно со МВР иако детективот е должен да пријави кривично дело кое се гони по службена должност доколку во текот на работењето се дојде до такво сознание.
- Иако овластените лица на државните органи и институции се должни на детективот да му ги дадат бараните податоци (од евиденциите кои се достапни за јавност) во реалноста истото е речиси невозможна мисија, а истите податоци понекогаш се непходни во истражната постапка за обезбедување доказни материјали.

- Потребно е детективската дејност да биде промовирана и разбрана како сервис на граѓаните со цел поголема безбедност, но и партнер на државните органи со кои би можеле да разменуваат информации во одредени области.
- Подигнувањето на критериумите за издавање на лиценца за вршење на детективската дејност за професионализација и подигање на едно повисоко ниво на оваа професија, но од друга страна, државата преку своите органи мора да ги заштити граѓаните т.е. да ја зголеми контролата врз давателите на детективски услуги и спречување на ''сиви зони'' односно да ја спречи ''конкуренцијата'' на пазарот од самонаречени детективи кој сеуште опстојуваат (понекогаш и добро заработуваат) нудејќи ги своите ''професионални детективски услуги'' од секаков вид.
- Уредување на меѓусебните односи со агенциите за обезбедување и разграничување на дејностите, поготово знаејќи во пракса дека некои

агенции за обезбедување (нелегално) ја нудат и оваа дејност во своето портфолио.

Генерално, за надминување на постоечките проблеми во оваа професија неопходна е поголема меѓусебна соработка т.е. формирање на посебно тело (комора) или здружување во постоечката комора за приватно обезбедување, каде што приватните детективи, заедно, со сите фактори од приватната безбедност, би се разговарало за местото и улогата на приватните детективи, состојбата во која функционираат, местото во општеството, соочување со потешкотиите, решавање на постоечките проблеми и поголема меѓусебна соработка со цел поголем придонес на детективските агенции во градењето на безбедносниот систем на Република Македонија.

**Користена литература**


1. Anžić A., Sigurnosni sistem Slovenije, Ljubljana, 1997
2. Бакрески О., Координација на безбедносната заедница на Република Македонија, Филозофски факултет-Скопје, Скопје, 2005
3. Бакрески О., и Милошевиќ Милан, Современи безбедносни системи, Аутопринт ТА, Скопје, 2011
4. Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Аутопринт ТА, Скопје, 2012
5. Bošković, Mićo: Osnovi detektivske delatnosti, Fakultet za pravne i poslovne studije, Novi Sad, 2006
6. Bogoljub Milosavljević: Model zakona o privatnoj delatnosti obezbeđenja, Bezbednost Zapadnog Balkana, no. 1/2006, CCVO, Beograd
7. Буџакоски Стефан, Разузнавање, Коста абраш, Охрид, 2005
8. Вајденфелд В., Веселес В., Европа од А до Ш: Прирачник за европска интеграција, БПБ: Сојузна централа за политичко образование, Фондација Конрад Аденауер, Сектор за европска интеграција, Скопје, 2003
9. Ванковска Б., Политички систем, Филозофски факултет-Скопје, Скопје, 2007
10. Vejnović, D. i dr.: Detektivska djelatnost – teorijski i praktični aspekti po standardima Evropske unije, Banja Luka, 2008.
11. Георгиева Л., Творење на мирот, Студио АДА, Скопје, 1999
12. Георгиева Л, Творење на мирот,:мирот безбедноста и конфликтот по Студената војна, Виладорф, Скопје, 2004
13. Георгиева Л., Менаџирање на ризиците, Филозофски факултет- Скопје, Скопје, 2006
14. Гладких С.Р., О Частнои Детективнои и Охраннои Дејтелности Москва, Костинформ, 2005, стр.1
15. Гоцевски Т., Основи на системот на националната одбрана, Филозофски факултет- Скопје, Скопје, 2006

16. Гоцевски Т. Бакревски О., Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија, Филозофски факултет- Скопје, Скопје, 2005
17. Гоцевски Т. и Митревска М. Кризен менаџмент, Филозофски факултет- Скопје, Скопје, 2004
18. Гризолд А., Словенија во изменета безбедносна средина,Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2006
19. Department Of Commerce And Insurance - http://www.tn.gov/regboards/pi/pirReq.shtml
20. Закон за обезбедување на лица и имот, 80/99;
21. Закон за детективската дејност. 80/99;
22. Закон за измени и дополнување на Законот за детективска дејност, 66/07
23. Закон за оружјето, „Сл. весникна РМ' број 47 / 2006 и измени и доиолнувања од 2007 и 2008 година
24. Законот за облигационите односи, "Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 78/2001,...и 81/2009
25. Закон за спречување на судир на интереси „Сл. весник на РМ" бр. 70/ 2007.
26. Землянов В.М.,Основи сискного ремесла, Серија коммандос, Минск Харвест, 2004
27. Иваноски Зоран, безбедносни системи, Европски Универзитет, Скопје, 2005
28. Квинг Томас, Да се види невидливото, Магор, Скопје, 2009
29. Котовчевски М., Национална безбедност на Република Македонија, Македонска цивилизација, Скопје, 2000
30. Maslesha R., Teorije i sistemi sigurnosti, Magistrat, Sarajevo, 2001
31. Matić D.Goran: Osnovi fizičko-tehničkog obezbeđenja, Privredna komora Srbije, Udruženja preduzeća za fizičko-tehničko obezbeđenje,, Beograd, 2006.
32. Mileta V., Leksikon Europske Unije, Politicka kultura, Zagreb, 2003
33. Нацев З., Теориски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999
34. Нацев З., Петрески Тони, Стратегиски проекции на Р.М. во надворешната и безбедносната политика, Кочани, Европа 92, 2013
35. Национална концепција за безбедност и одбрана на РМ.40/2003

36. Николовски М., Улогата на граѓанскиот сектор во глобалниот безбедносен систем на Република Македонија, Факултет за безбедност, Меѓународна научна конференција, Скопје, март, 2012
37. Правилникот за програмата и начинот на полагање на стручниот испит за вршење на детективска дејност и за составот на испитната комисија ("Службен весник на РМ" бр. 41/2000)
38. Beckman R. and Butte D., Introduction to International Law, достапно на: http://www.ilsa.org/jessup/intlawintro.pdf
39. Славевски С., Националната безбедност на Република Македонија и евроатланските интеграции, Диги принт – Скопје, 2003
40. Спасески Ј. и др., Безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010
41. Спасески Јордан и др., Приватна безбедност, Полициска академија, Скопје, 2008
42. Спасески Ј. За потребата од современо вреднување на безбедносните превентивни мерки при градењето на безбедносната архитектура на ЕУ, Научно-стручна конференција, Факултет за безбедност – Скопје, 2010
43. Стратегија за одбрана на Република Македонија, 8/92
44. Trevor J. & Newburn T. Private security and public policing, Oxford University Press, Oxford, 1998,
45. Цветаноски Гроздан, Професија приватен детектив, Понили, Скопје, 2011
46. Weber T. (2002), A Comporative Overview of Legislation Governing the Private Security Industry in the European Union, Final Report of a Project for CoESS/UNI Europa funded by the European Commision, Birmingham: ECOTEC Research and Consulting Ltd, 2002 pp .1-5
47. A comparative overview of legislation governing the private security industry in the European Union, Brussels, 12 and 13 December 2001, стр.1 - www.coess.org/_.../A_comparative_overview_of_legislation_governing...
48. http://www.detectivesindia.com/due-diligence.html

**Прилози**

**Прилог 1**

**АНКЕТЕН ЛИСТ**

Овој анкетен прашалник е изготвен со цел да се утврди местото и улогата на детективските агенции во рамките на приватниот безбедносен сектор во Република Македонија. Доколку и вие сакате да дадете свој придонес би ве замолиле да одговорите на прашањата кои следат подолу.

Однапред Ви благодариме на одвоеното време.

1. Пол
   a) Машки
   b) Женски

2. Воздраст
   a) До 20 год
   b) 21-31 год
   c) 31-40 год
   d) 41-50 год
   e) 51-60 год
   f) 61-65 год

3. Образование
   a) ВСС
   b) ВШВ
   c) ССС

4. Работно искуство
до 5 год
   a) 6-10 год
   b) 11 - 15 год
   c) 16-20год
   d) Над 25 год

5. Дали постои хиерархиско ниво во агенцијата
   a) Да
   b) Не

6.Дали постои техничка поделба на работата во агенцијата (обезбедување, видео надзор, следење на пари, администрација)
   a) Да
   b) Не

7. Дали за вршење на детективската дејност е потребно да се исполнат посебни услови и да се посетуваат обуки

a) Да
b) Не

8. Дали детективската дејност помага во намалување на безбедносните закани во општеството

a) Да
b) Можеби
c) Не

9. Дали вработените се водат како постојни вработени

a) Да
b) Не

10. Дали се вработуваат луѓе на определено работно време поради зголемениот обем на работа

a) Да
b) Не

11. Постои ли деловна тајна наведена во договорот за вработување

a) Да
b) Не

12. Кои податоци се прибираат

a) Лични
b) Видео
c) Аудио

13. Која е правната дејност на детективските агенции

a) Собирање информации
b) Обработка на информациите
c) Собирање, обработка и правилно постапување со нив согласно законот

14. Дали сметате дека детективските агенции се доволно застапени во безбедносниот систем на земјата

a) Да
b) Не

15. Дали сметате дека детективските агенции се доволно ангажирани во рамките на приватниот сектор

a) Да
b) Не
c) Можеби

16. Дали сметате дека детективските агенции помагаат во превенцијата и справувањето со безбедносниот ризик во државата

a) Да
b) Не

17. Дали сметате дека детективските агенции помагаат за зголемување на стабилноста на внатрешната безбедносна политика

a) Да
b) Не

18. Дали постои континуирана соработка помеѓу детективските агенции и МВР

a) Да
b) Не
c) Делумно